ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 502/23
11.07. 2023 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

**ВОВЕД**

Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно уставниот поредок и начелото на поделба на властите, како највисок суд во државата и носител на судската власт, преку надлежноста на Општата седница ја следи работата на сите судови во Република Северна Македонија, со што се обезбедува принципот на самостојност и независност на судската власт.

Во рамки на своите законски надлежности Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија дава оценка за нивното функционирање од аспект на ажурноста и квалитетот во обезбедување на правдата и заштитата на основните човекови права и слободи, како и во обезбедувањето на правната сигурност на граѓаните на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за судовите и Деловникот за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 28.03.2022 година се одржа проширена Општа седница за разгледување на извештаите за работа на судовите во Република Северна Македонија за 2022 година, на која беа поканети и присуствуваа претседателот на Вишиот управен суд и претседателите на Апелационите судови Скопје, Битола, Гостивар и Штип, Претседателот и членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Податоците од извештаите на судовите за 2022 година покажуваат дека од страна на судиите и судската служба е вложен голем труд поради што може да се констатира дека и во услови на значително намален број на судии и судски службеници, постојната информатичка технологи, просторни и материјално финансиски услови од вкупно 29 судови од сите инстанци, 19 ажурно ја завршиле извештајната година, или што значи поголем број од судовите се оценети како ажурни.

Судовите 2022 година ја започнале со 96.204 предмети како остаток од претходната година. Во текот на 2022 година, новопримени се 571.115 предмет, заедно со предметите повторно во работа 5.636 и 222 погрешно заведени предмети, вкупно имале 672.823 предмети. Решени се 564.850, останале нерешени 107.974 предмет. Со тоа, како крајна позитивна констатација е дека поголемиот број на судови во 2022 година успеале да го совладаат приливот на предмети и го намалиле заостатокот.

Вишиот управен суд во текот на 2022 вкупно имал во работа 3.656 предмети, новопримени се 2.870 предмети, а решени се 2.884 предмети, со што е совладан приливот на предмети.

Управниот суд во текот на 2022 вкупно имал во работа 12.181 предмети, новопримени се 6.401 предмет, а решени се 6.992 предмети, со што е совладан приливот на предмети.

Апелационите судови во текот на 2022 вкупно имале во работа 32.357 предмети, новопримени се 23.249 предмети, а решени се 23.138 предмети, со што не е совладан приливот на предмети.

Основните судови во текот на 2022 вкупно имале во работа 624.629 предмети, новопримени се 538.595 предмети, а решени се 531.836 предмети, со што не успеале да го совладаат приливот на предмети.

Од усвоените оценки и заклучоци по извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија и дадените предлог мерки останува впечатокот дека може да се постигнат уште подобри резултати доколку се пополнат упразнетите судиски места со избор на нови судии, да се пополнат упразнетите работни места во судската служба по разни основи со соодветен кадар, да се обезбеди континуирана едукација, како и со обновувањето на информатичката опрема, подобрување на просторните услови и материјалната и финансиска состојба.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

### ***ВИШ УПРАВЕН СУД***

На почетокот на извештајниот период за 2022 година, во Вишиот управен суд останале нерешени 795 предмети, новопримени се 2.870 предмети, погрешно заведени 9 или вкупно во работа биле 3.656 предмети, од кои се решени 2.884 предмети, а останале нерешени 772 предмети.

Во текот на 2022 година Вишиот управен суд административно вратил 195 предмети во Управниот суд поради пропусти во подготвување на предметите и нецелосно преземени дејствија, а од нив 187 се вратени во Вишиот управен суд.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа на почетокот на 2022 година немало нерешени предмети од судска управа, новопримени се 1.012 предмети и сите се решени.

Од примените предмети во Судската управа во уписникот „Су" се примени вкупно 351 предмет и сите се решени, во уписник Су-01 се примени 72 предмети и сите се решени, во уписник Су-02 се примени 42 предмети и сите се ршени, во уписник Су-03 се премени 110 и сите се решени, во уписник Су-04 се примени 174 и сите се решени, во уписник Су-05 примени се 36 предмети и сите се решени, во уписник Су-07 се примени 17 и сите се решени, во уписник Су-Изз се примени 28 предмети и сите се решени и СУ-стр-дов се примени 3 и сите се решени. Во уписник УПП се примени 169 предмети и сите се решение и во уписник СПИ се примени 10 предмети и сите се решение.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ**

Работата по предметите во овој суд во периодот од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година се одвива во четири совети, формирани во рамките на три специјализирани судски совети, а во периодот од 01.07.2022 година до 31.12.2022

година, во три совета, формирани во рамките на три специјализирани судски совети и тоа:

**Специјализиран судски совет за имотно-правна област и други права**

Од претходната година останале нерешени 252 предмети од имотно-правна област и други права, новопримени се 782, погрешно заведени 3 или вкупно во работа биле 1.031 предмет. Вкупно се решени 806 предмети, а останале нерешени 225 предмети. На ниво на овој совет совладан е приливот за 24 предмети, односно намален е заостатокот за 27 предмети.

**Специјализиран судски совет за пензии, инвалидски, социјални, здравствени права, права од работен однос, финансиски и други права**

Во овој совет од претходната година останале нерешени 248 предмети, новопримени се 658 предмети, погрешно заведени 2 предмети или вкупно во работа биле 904 предмети, од кои се решени 782 предмети, останале нерешени 122 предмети. На ниво на овој совет совладан е приливот за 124 предмет, односно намален е заостатокот за 126 предмети.

**Специјализиран судски совет за даночни, царински и други права**
**Прв совет за правата од областа за даноци и други права за период од 01.01.2022 – 30.06.2022 година**

Во овој совет од претходната година останале нерешени 184 предмети, новопримени се 176 предмети, погрешно заведени 1 или вкупно во работа биле 359 предмети, од кои се решени 339 предмети, останале нерешени 20 предмети. На ниво на овој совет совладан е приливот за 163 предмети, односно намален е заостатокот за 164 предмети.

**Специјализиран судски совет за даночни, царински и други права**
**Втор совет за правата од областа за царини и други права за период од 01.01.2022 – 30.06.2022**

Во овој совет од претходната година останале нерешени 111 предмети, новопримени се 531 предмет или вкупно во работа биле 642 предмети, од кои се решени 406 предмети, останале нерешени 236 предмети. На ниво на овој совет не е совладан приливот за 125 предмети, односно зголемен е заостатокот за наведениот број од 125 предмети.

Со оглед да согласно Решение на Судскиот совет на РСМ, на четворица судии на Виш управен суд, заклучно со 30.06.2022 година им е констатиран престанок на судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија, со Измени и дополнување на Распоредот за работа на Виш управен суд за 2022 година и со Измена на Програмата за работа на Виш управен суд за 2022 година се формира еден совет во третиот специјализиран судски совет кој постапува и одлучува по предмети од областа на даночни, царински и други права.

**Специјализиран судски совет за даночни, царински и други права за период од 01.07.2022 – 31.12.2022 година**

Во овој совет од претходната година останале нерешени 256 предмети, новопримени се 723 предмет, погрешно заведени 3 предмети, вкупно во работа биле 976 предмети, од кои се решени 551 предмети, останале нерешени 425 предмети. На ниво на овој совет не е совладан приливот за 172 предмети, односно зголемен е заостатокот за 169 предмети.

**Состојба со стари предмети**

Во Вишиот управен суд заклучно со 31.12.2022 година, нема стари нерешени предмети.

**Човечки ресурси**

Во Вишиот управен суд во првото полугодие во период од 01.01.2022 – 30.06.2022 година има Претседателот на Судот и 13 судии кои ја извршувале судиската функција, при што на четворица судии со решенија за престанок на судиска функција донесени од Судскиот совет на РСМ на 30.06.2022 година им престанала судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија. Во период заклучно со 31.12.2022 година

судиската функција продолжиле да ја извршуваат 9 судии и заедно со Претседателот на Судот, во овој период работат 10 судии.

Во овој суд заклучно со 31.12.2022 година има вработени вкупно 18 судски службеници и 1 припадник на судска полиција.

Во текот на месец февруари 2022 година во постапка за вработување по Јавен оглас во Вишиот управен суд е спроведена постапка за вработување на 5 судски службеници, а во текот на мај 2022 година еден судски службеник со звање судски соработник му престанал работниот однос поради прием како кандидат – слушател на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во Вишиот управен суд, заклучно со 31.12.2022 година во овој суд биле вкупно вработени 19 лица во рамките на судската служба и тоа 1 судски администратор, 2 раководни судски службеници, 4 стручни судски службеници, 11 помошно – стручни судски службеници и 1 припадник на судска полиција.

**Просторни капацитети**

Од своето основање Вишиот управен суд активностите од законската надлежност ги остварува во објектот кој се наоѓа на ул.„Никола Парапунов“ бр.31 во Скопје во вкупна површина од 484 м2 кој располага со 17 работни простории во кои се чуваат предметите по кои одлучува овој суд и 3 мали помошни простории кои служат за чување на канцелариски материјал, фотокопир и слично. Наведениот станбен простор во кој е сместен Вишиот управен суд не ги задоволува потребите на судиите и вработените, бидејќи судиите се сместени во простории кои се многу мали и тоа во една просторија по двајца судии.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во текот на извештајниот период, Вишиот управен суд го совладал приливот на предмети за 14, односно го намалил заостатокот на нерешени предмет за 23 и се оценува како **ажурен суд**.

Предлог мерки:

-Кадровско екипирање на судот со потребен број на судии и судска администрација;

-Обезбедување соодветни просторни услови за работа на Вишиот управен суд;

-Континуирана едукација на судиите и останатите вработени во судот;

-Воспоставување електронска интерконекција на органите со Управниот суд и Вишиот управен суд.

## ***УПРАВЕН СУД***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

На почетокот на извештајниот период за 2022 година, во Управниот суд останале нерешени 5.580 предмети, новопримени се 6.401 предмети, повторно заведени 233 предмети, погрешно заведени 33 предмети или вкупно во работа биле 12.181 предмети, од кои се решени 6.992 предмети, а останале нерешени 5.189 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа од претходната година останале нерешени 10 предмети, новопримени 1.787 предмети, или вкупно во работа биле 1.797 од кои се решени 1.738, а останале нерешени 59 предмети.

Во уписникот „Су“ имало нерешени 6 предмети од претходната година, новопримени се 1.285 предмети и од вкупно во работа 1.291 решение се 1.287, а останале нерешени 4 предмети. Во уписникот „Су-Дов“ новопримени се 13 предмети и истите се решени. Во уписникот “СПИ“ новопримени се 28 и од нив се решени 26 предмети, а 2 предмети останале нерешени. Во уписникот “УПП“ останале нерешени од

претходната година 4 предмети, а новопримени се 461 предмет и од вкупно во работа 465 предмети, решени се 412 предмети, а 53 предмети останале нерешени.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

Работата по предметите во овој суд во 2022 година се одвива во три специјализирани оддели и тоа:

**Оддел за имотно–правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права**

Во овој оддел функционираат три совети и тоа: еден совет кој постапува и одлучува по предмети од имотно-правна област и други сродни права и два совета кои постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права.

**Состојба со предметите од имотно-правната област и други сродни права**

Од претходната година останале нерешени 669 предмети од имотно-правна област и други сродни права, новопримени се 855 предмети, погрешно заведени 8 предмети и од вкупно во работа 1.516 предмети, вкупно се решени 962 предмети, а останале нерешени 554 предмети. Совладан е приливот на предмети за 107, односно намален заостатокот за 115 предмети.

**Состојба со предмети од област на денационализација и други права и состојба со предмети од областа на урбанизам, градежништво и други сродни права.**

Од претходната година останале нерешени 1.100 предмети, новопримени се 1.385, погрешно заведени 11 предмети или вкупно во работа биле 2.474 предмети, вкупно се решени 1.544 предмети, а останале нерешени 930 предмети. Намален е заостатокот за 170 предмети, односно совладан е приливот за 159 предмети.

**Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини и други сродни права**

Во овој оддел функционираат три совети, од кои едниот е надлежен за предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права, а другите два совети за предметите од областа за царините и други права.

**Состојба со предмети од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права**

Од претходната година останале нерешени 560 предмети, новопримени се 717 предмети, погрешно заведени 2 предмети и од вкупно во работа 1.275 предмети, вкупно се решени 757 предмети, а останале нерешени 518 предмети. Намален е заостатокот за 42 предмети, односно совладан е приливот за 40 предмети.

**Состојба со предметите од областа на царините и други сродни права**

Од претходната година останале нерешени 1.558 предмети, новопримени се 1.391 предмети, погрешно заведени 4 предмети, вкупно во работа 2.945 предмети, вкупно се решени 1.883 предмети, а останале нерешени 1.062 предмети. Намален е заостатокот за 496 предмети, односно совладан е приливот 492 предмети.

**Оддел за финансиски прашања и други сродни права**

Од претходната година останале нерешени 1.693 предмети, новопримени се 2.286 предмети, погрешно заведени 8 предмети, вкупно во работа 3.971 предмети, вкупно се решени 1.846 предмети, а останале нерешени 2.125 предмети. Зголемен е заостатокот за 432 предмети, односно не е совладан приливот за 440 предмети.

**КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА НИВО НА СУД**

Во 2022 година во Управен суд се поднесени 2.817 жалби, а од Вишиот управен суд со второстепени одлуки се вратени 2.806 предмети.

**КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА НИВО НА ОДДЕЛИ**

**Оддел за имотно-правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права**

**Предмети од областа на имотно-правна област и други сродни права**

Од вкупно 435 примени по жалба предмети во Вишиот Управен суд, 325 се потврдени или 74,71%, 51 преиначени или 11,72%, 39 укинати или 8,97%, и 20 отфрлени или 4,60%.

**Предмети од областа на денационализација и други права, урбанизам, градежништво и други сродни права**

Од вкупно 544 примени по жалба предмети во Вишиот Управен суд, 340 се потврдени или 62,50%, 69 преиначени или 12,68%, 68 укинати или 12,50% и 67 отфрлени или 12,32%.

**Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царина и други права**

**Предмети од областа на пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права**

Од вкупно 219 примени предмети по жалба во Вишиот Управен суд, 171 се потврдени или 78,08%, 19 преиначени или 8,68%, 18 укинати или 8,22% и 11 отфрлени 5,02%.

**Предмети од областа на царините и други сродни права**

Од вкупно 1.047 примени предмети по жалба во Вишиот Управен суд, 910 се потврдени или 86,91%, 67 преиначени или 6,40%, 39 укинати или 3,72%, делумно потврден 1 или 0,10% и 30 отфрлени или 2,87%.

**Оддел за финансиски прашања и други сродни права**

Од вкупно 561 примени предмети по жалба во Вишиот Управен суд, 434 се потврдени или 77,36%, 37 преиначени или 6,60%, 59 укинати или 10,52% и 31 отфрлени или 5,53%.

**Состојба со стари предмети**

На почетокот од извештајниот период останале 24 стари предмети. Во текот на 2022 година статус на стари предмети добиле 315 предмети, или вкупно 339 од кои се решени 196 предмети, а на крајот од 2022 година останале нерешени 143 предмети.

**Човечки ресурси**

Во 2022 година во Управниот суд се пополнети вкупно 27 судиски места вклучувајќи го и Претседателот на судот од вкупно предвидените 33 судиски места, согласно Одлука на Судскиот совет на РСМ. На еден од судиите му мирува функцијата - судија на управен суд поради тоа што е избран за Претседател на Виш управен суд. На 28.04.2022 година со Решение на Судскиот совет на РСМ е констатиран престанок на судиска функција на еден судија поради исполнување за остварување на право на старосна пензија, а со Решение од 18.05.2022 година исто така е констатиран престанок на судиска функција на еден судија поради исполнување за остварување на право на старосна пензија.

Во делот на судската служба, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управен суд, заклучно со 31.12.2022 година, се предвидени вкупно 171 работни места, од кои 80 се пополнети, вклучувајќи ги и 11-те судски службеници вработени во Судот на определено работно време, а останатите 91 работно место се непополнети.

Во текот на месеците февруари и март 2022 година на двајца судски службеници им престанал работниот однос, а во месец јули 2022 година спроведено е преземање на службеник од орган на државна управа – Министерство за информатичко општество и администрација, со звање „советник – портпарол“.

Во текот на 2022 година на двајца службеници и тоа еден соработник – преведувач, а друг – помлад судски референт им престанал работниот однос, како и на 11 лица со кои бил склучен договор за вработување во определено работно време.

Заклучно со 31.12.2021 година, во овој суд се вработени вкупно 80 лица во рамките на судската служба, вклучувајќи ги и судските службеници вработени на определено време.

**Просторни капацитети**

Започнувајќи од 06.07.2022 година Управниот суд своите законски надлежности ги спроведува во нови деловни простории во објектот што се наоѓа на ул.„Даме

Груев“ број 6 во Скопје, доделен на трајно користење без надомест со Одлука О.Бр.44-8928/1 од 25.09.2018 година донесена од Влада на Република Македонија, кој објект има 8 ката и во кој сите судии располагаат со сопствени канцеларии распоредени по катови, согласно советите во кои постапуваат.

Во Управниот суд во текот на 2022 година работат 30 стручни судски службеници, сместени на 8-миот кат од зградата на Судот. Во зградата на Управниот суд има 8 современо опремени судници за одржување на усни, јавни и непосредни расправи кои се правило согласно Законот за управни спорови („Службен весник на РМ“ бр.96/19). За безбедноста на вработените и странките се грижат 4 припадници на судската полиција.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во текот на извештајниот период Управниот суд го совладал приливот за 591 предмет, а го намалил заостатокот за 391 предмет, односно, заради што за извештајниот период за 2022 година се оценува како **ажурен суд**.

Предлог мерки:

-Зајакнување на човечките ресурси со кадровско екипирање на судот со судски службеници од сите законски предвидени категории;

-Континуирана едукација на судиите и вработените во судот;

-Совладување на бројот на стари предмети поради зголемен број на предмети кои добиле статус на стари предмети во извештајниот период, за кое нешто како причина е наведено дека согласно Законот за управните спорови за донесување на конечна одлука, неопходна е одлуката од повисокиот суд

-Да се воспостави електронска интерконекција на органите на управата со Управниот суд и Вишиот управен суд.

## *АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ*

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во извештајната 2022 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 19.726 предмети, од кои 6.897 предмети како незавршени се пренесени од претходната година, 12.736 новопримени предмети, од кои 4 предмети се погрешно заведени, 97 предмети повторно во работа. Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 12.887 предмети, а останале 6.839 незавршени предмети. Приливот е совладан, решени се вкупно 65,33 % од вкупниот број на предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во текот на 2022 година, судот имал во работа вкупно 2.691 предмети, од кои во извештајната година се решени 2.686 предмети, а останале нерешени 5 предмети.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

**Кривичен оддел**

**Кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал, кривични предмети- деца и прекршочни предмети**

Во кривичниот оддел во извештајната година, вкупно во работа имало 1.548 кривични предмети (КЖ) од кои 397 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.137 предмети се новопримени и 14 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 977 предмети, што значи дека **приливот е совладан**, а на крајот на годината останале нерешени 571 предмети.

Во однос на претходната година, кога судот имал во работа вкупно 1.655 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 107 предмети. Приливот на новопримени предмети е помал за 61 предмети во однос на претходната година, кога се примени 1.212 предмети. Бројот на решени кривични предмети е намален за 281 предмети. Во однос на претходната година кога се решени 1.258 предмети, во извештајната година бројот на нерешени кривични предмети е зголемен за 174 предмети, односно останале нерешени 571 предмети.

Во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал (КОКЖ), во кој во работа имало вкупно 214 предмети, од кои 166 предмети се новопримени, од кои 1 предмет е погрешно заведен, а 49 предмети се нерешени од претходната година. Од вкупниот број на предмети во работа решени се 156 предмети, што значи дека **го совладал приливот**, а како нерешени останале 58 предмети.

Во однос на претходната година, кога судот во работа имал вкупно 167 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 47 предмети, приливот е за 46 предмети поголем во однос на претходната година кога биле примени 119 предмети. Бројот на решени КОКЖ предмети во извештајната година е зголемен за 38 предмети, а во одос на претходната година биле решени 118 предмети. Во извештајната година бројот на нерешени предмети е зголемен за 9 предмети, односно останале нерешени 58 предмети.

Во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривични предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 38 предмети, од кои 36 се новопримени предмети, 2 се предмети нерешени од претходната година, до крајот на извештајната година решени се 32 предмети, а нерешени останале 6 предмети.

Во однос на претходната година, судот имал во работа вкупно 32 предмети, а во извештајната година обемот на работа е зголемен за 6 предмети, приливот на нови предмети е поголем за 5 предмети во однос на претходната година кога биле примени 31 предмет. Бројот на решени предмети во извештајната година е зголемен за 2 предмети, кога биле решени 30 предмети. Во извештајната година бројот на нерешени предмети е зголемен за 4 предмети, односно останати се нерешени вкупно 6 предмети.

Во рамките на овој оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочните предмети (ПРКЖ). Во текот на 2022 година во работа имало вкупно 3.810 предмети, од кои 2.148 предмети се новопримени предмети, 1 предмет е повторно заведен во работа, 1.661 предмети се пренесен од претходната година. Судот решил 2.345 предмети, односно **го совладал приливот**, а на крајот на годината останале нерешени 1.465 предмети.

Во однос на претходната година судот имал во работа 3.672 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 138 предмети. Бројот на решени предмети е зголемен за 334 предмети во однос на претходната година, нерешени се 1.465 предмети е остаток на крајот на 2022 година, е намален за 196 предмети во однос на претходниот извештаен период.

**Квалитет на работење во кривичниот оддел**

Во извештајната година предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по изјавени правни средства биле 125 одлуки за кривични предмети на Апелациониот суд Скопје, што претставува 2,84% од вкупниот број 4.394 донесени одлуки во извештајната година. Од тие одлуки, 108 биле потврдени, односно 2,46% од вкупно решени предмети, 16 одлуки биле укинати, односно 0,36% од вкупно решените предмети, 1 одлука е преиначена, односно 0,02% од вкупно решените предмети.

**Граѓански оддел**

Во текот на 2022 година судот имал во работа вкупно 6.414 граѓански предмети од кои 2.293 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, 4.078 предмети се новопримени, од кои 1 е погрешно заведен, 44 предмети се повторно во работа, при што судот вкупно решил 3.684 предмети, односно **не го совладал приливот,** а на крајот на годината останале нерешени 2.730 предмети.

Во однос на претходната година, кога во овој оддел во работа имало вкупно 6.598 предмети, обемот на работа во извештајната година е намален за 184 предмети. Притоа, приливот во извештајната година е намален за 802 предмети во однос на претходната година, кога биле примени 4.923 предмети. Намален е бројот на решени предмети во извештајната година и тоа за 621 предмети помалку во однос на претходната година.

Бројот на останати предмети во работа на крајот на извештајната година е зголемен за 437 предмети во однос на 2.293 предмети кои биле останати на крајот на 2021 година.

**Квалитет на работење во граѓанскиот оддел**

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по изјавени правни средства биле 194 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 5,26% од вкупниот број 3.684 донесени одлуки во извештајната година, од кои 142 биле потврдени 3,85 % од вкупно решени предмети, 18 одлуки или 0,49 % од вкупно решени предмети се укинати и 34 одлуки односно 0,92 % од вкупно решени предмети се преиначени.

Во однос на бројот од 194 одлуки добиени од Врховниот суд на РСМ, 142 одлуки, односно 73,20 % од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек се потрдени, 18 одлуки, односно 9,28 % се укинати и 34 одлуки, односно 17,53 % се преиначени.

**Оддел за работни спорови**

Во текот на 2022 година одделот имал вкупно во работа 4.373 предмети, од кои 1.878 предмети биле пренесени од претходната година, 2.490 предмети се новопримени (од кои 2 се погрешно заведени) 7 предмети се повторно во работа, така што решени се вкупно 3.048 предмети, односно **го совладал приливот**, а на крајот на годината останале нерешени 1.325 предмети.

Во однос на претходната година, судот во работа имал вкупно 4.373 предмети. Нема промена во обемот на работа во овој оддел. Во извештајната година приливот е намален за 237 предмети во однос на претходната година, кога биле примени 2.732 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е зголемен за 553 предмети, во однос на претходната година кога биле решени 2.495 предмети. Бројот на останати предмети е намален за 553 предмети, во однос на 1.878 предмети кои биле останати на крајот од 2021 година.

**Квалитет на работење во оддел за работни спорови**

По одлуки на Врховниот суд на Република Северна Македонија по изјавени правни средства се 60 (РОЖ) судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, односно 1,97 % од вкупниот број 3.048 донесени одлуки во извештајната година, од кои 47 одлуки, односно 1,54 % од вкупно решените предмети се потврдени, 9 одлуки, односно 0,30 % се укинати и 4 одлуки, односно 0,13 % се преиначени.

Од вкупниот број на решени предмети 60 по вонредни правни лекови, потврдени се 47 предмети, односно 78,33%, укинати се 9 предмети, односно 15,00% и преиначени се 4 предмети, односно 6,67% .

Од вкупно решени 3.048 РОЖ предмети од областа на работни спорови постапката до 1 месец траела во 111 предмети, до 2 месеца во 50 предмети, до 3 месеци во 43 предмети, до 6 месеци во 927 предмети и над 6 месеци во 1.917 предмети.

**Оддел за трговски спорови**

Одделот во текот на извештајната 2022 година, во работа имал вкупно 2.412 предмети, од кои 559 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, 1.822 предмети се новопримени и 31 предмети биле повторно во работа. Во извештајната година судот решил 1.761 предмети, така што **не го совладал приливот**, а на крајот на годината останале 651 нерешени предмети.

Во однос на претходната година, кога судот имал во работа 3.080 предмети, во извештајната година обемот на работата е намален за 668 предмети. Приливот на предмети во извештајната година е намален за 359 предмети во однос на претходната година, кога вкупно биле примени 2.212 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е намален за 760 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.521 предмети. На крајот на извештајната 2022 година останале 651 предмети, што е за 92 предмети повеќе во однос на претходната година.

**Квалитет на работење во одделот за трговски спорови**

По одлуки на Врховниот суд на Република Северна Македонија по изјавени правни средства се 146 (ТСЖ) судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, односно

8,29% од вкупниот број 1.761 донесени одлуки во извештајната година, од кои 112 одлуки, односно 6,36 % од вкупно решените предмети се потврдени, 7 одлуки, односно 0,40 % се укинати и 27 одлуки, односно 1,53 % се преиначени. Од 146 одлуки добиени од Врховниот суд на РСМ, 112 одлуки, односно 76,71 %се потврдени, 7 одлуки односно 4,80 % се укинати и 27 одлуки односно 1,53 % се преиначени.

Од вкупно решени 1.761 ТСЖ предмети од областа на трговските спорови постапката до 1 месец траела во 356 предмети, до 2 месеца во 210 предмети, до 3 месеци во 234 предмети, до 6 месеци во 653 предмети и над 6 месеци во 308 предмети.

**Состојба со стари предмети**

Во текот на 2022 година, судот имал вкупно во работа 8.153 стари предмети, од кои 2.408 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 5.745 предмети во текот на извештајната година. Во судот вкупно биле решени 5.505 стари предмети, на крајот на годината останале 2.648 нерешени стари предмети.

**Човечки ресурси**

Согласно со актот за систематизација и одлуката бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година на Судскиот совет на Република Македонија, утврдено е во Апелациониот суд Скопје, судиската функција да ја вршат претседател и 51 судија, меѓутоа судот во текот на извештајната година, функционирал во нецелосен состав.

Календарската 2022 година, судот ја започнал со 39 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот. На 01.07.2022 година на еден судија му престанала судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија. Во септември 2022 година еден судија е избран за член на Судски совет на РСМ и на истиот му мирува судиската функција во судот. Во октомври 2022 година еден судија е избран за судија во Уставниот суд на РСМ, на кој му мирува судиската функција во судот. На 08.11.2022 година на еден судија му престанал работниот однос поради исполнување на услови за старосна пензија, а на двајца судии по истиот основ на 07.12.2022 година. На крајот од извештајната година во Апелациониот суд Скопје имало 33 судии.

Во текот на извештајната година, во судот имало 120 судски службеници. Во извештајната година во судот биле реализирани 5 нови вработувања од одобрени 6 согласно Годишниот план за вработување за 2022 година и за едно непополнето работно место постапката била во тек, огласот бил повторно објавен од причина што на претходниот оглас немало пријавени кандидати.

Согласно Годишниот план за вработување за 2021 година во судот во текот на извештајната година биле реализирани 2 вработувања, а едното останало нереализирано, поради непријавени кандидати за тоа работно место.

По склучени спогодби за преземање во извештајната година биле реализирани 2 вработувања.

Во извештајната година во јануари и февруари на тројца вработени им престанал работниот однос поради исполнување на услови за старосна пензија. На тројца судски службеници престанало вработувањето по сопствено барање, на еден судски службеник му мирува работното место поради избор на јавна функција, двајца судски службеници користат отсуство поради бременост и раѓање, а еден судски службеник користел неплатено отсуство во траење од 3 месеци.

**Просторни капацитети**

Апелациониот суд Скопје е сместен во сопствена зграда која е изградена во 1960-та година. Во извештајната година како и подолг период наназад, просторните капацитети не задоволуваат за вршење на работите од својата надлежност, со оглед дека во истата зграда функционираат и други институции кои заземаат голем дел од просторот.

Во извештајната година во судот била спроведена постапка за расходување на електронски отпад, канцелариски мебел, при што истите се предадени на лиценцирани фирми на рециклирање и ништење. По пат на електронско наддавање две возило сопственост на судот се расходувани и за истите судот прими вкупен износ од 600 евра, во денарска противвредност.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2022 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 19.726 предмети, која бројка ја сочинуваат:

- 6.897 предмети пренесени како незавршени од претходната година,
- 12.736 новопримени предмети
- 97 предмети повторно во работа
- 4 предмети погрешно заведени

Во текот на извештајната година, од вкупниот број предмети во работа, судот решил 12.887 предмети, а останале нерешени 6.839 предмети.

Во извештајната година Апелациониот суд Скопје го совладал приливот, така што од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд 19.726 предмети, решени се вкупно 12.887 предмети, односно 65,33 %.

Во текот на извештајната година, од вкупниот број на решени предмети и бројот на судии кои постапувале, се констатира дека судот постапувал со засилен ангажман и се оценува како **ажурен суд.**

Предлог мерки:

-во граѓанскиот оддел да се вложат напори да се реши заостатокот на нерешените предмети од претходната година и приливот на новопримени предмети,

-во одделот за работни спорови да се вложат засилени напори за да се намали времетраењето на постапката на одлучување по РОЖ предметите во кој оддел 62,89 % се решаваат за повеќе од 6 месеци.

-за прекршочните предмети да се преземат мерки за решавање на незавршените предмети, со посебено внимание на рокот за застареност.

-во предметите од областа на трговските спорови да се вложат напори за совладување на приливот и да се намали заостатокот и покрај намалениот обем и прилив на предмети во работа во извештајната годината.

- решавање на старите предмети,

Исто така, неопходно е пополнување на бројот на носители на судиската функција, како и екипирање на судот со нови вработувања во судската служба согласно со актот за систематизација.

## ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот кривичен суд Скопје е Кривичен суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје (општините Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново) и суд во кој е формирано специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Северна Македонија.

Судот ја започнал годината со 13 064 предмети, а во работа примил 111 275 нови предмети, и со 741 предмети повторно земени во работа и 4 погрешно заведени предмети, вкупно во работа имал 125 076 предмети. Од вкупниот број на предмети во работа решил 109 183 предмети а нерешени останале 15 893 предмети.

Имајќи го предвид зголемениот прилив на предмети, како и фактот што Основниот кривичен суд Скопје во текот на 2022 година имал значителен недостиг на судии (пензионирање, породилно, боледување), решени се вкупно 109 183 предмети, што е за 4 436 решени предмети повеќе од претходната 2021 година кога овој суд ја заврши со 104 747 решени предмети.

Овие резултати во работењето укажуваат дека и покрај тоа што Основниот кривичен суд Скопје извештајната 2022 година не ја завршил како ажурен суд, сепак и

со недостиг на човечки ресурси (судии и судски службеници) има подобри резултати од претходната 2021 година кога судот беше оценет како ажурен суд.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 2 674 предмети (31 предмети биле нерешени и со нив судот ја започнал годината), решени се 2 556 предмети а постапката е незавршена по 118 предмети.

Во извештајната 2022 година, судскиот администратор продолжил со извршување на работите и работните задачи од судската управа кои се во негова надлежност согласно Судскиот деловник и Законот за судска служба. Тој континуирано соработувал со претседателот на судот во врска со вршењето на работите од судската управа, а редовно ги прибирал и месечните извештаи за работата на судските соработници. Покрај тоа, водена е редовна евиденција за годишните одмори и отсуства на вработените, како и евиденција за судски преведувачи, судски вештаци, нотари и извршители определени за подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје.

Судот има свој портпарол кој ја одржува WEB страната на судот, редовно и по потреба објавува соопштенија за јавноста и дава одговори за медиуми, комуницира со невладини организации, претставници на Меѓународни организации во земјата, а предлагал и реализирање на проекти за унапредување на транспарентноста на судот. Во текот на 2022 година советникот–портпарол објавил 66 соопштенија за јавност, по електронска пошта на медиуми биле дадени 138 одговори, а за граѓани преку порталот sud.mk биле дадени вкупно 81 одговори. Покрај тоа, на веб страницата на судот биле анонимизирани и објавени вкупно 2 183 одлуки.

Судот и во текот на 2022 година доследно го применувал Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за што било задолжено 1-едно службено лице за посредување со информации од јавен карактер. Во извештајниот период во овој суд поднесени се 40-четириесет барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. На 39-триесет и девет барања судот одговорил позитивно, 1-едно барање е препратено до имателот на информацијата, а ниту едно барање не е одбиено. Против одлуките на судот изјавена е 1-жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и истата е уважена и наложено е на судот да даде дополнителни информации по однос барањето на жалителот.

Во текот на 2022 година канцеларијата за односи со јавноста во законски рок постапувала по поднесени писмени дописи, барања, претставки и предлози на странки, граѓани, правни лица и невладини организации. Судот постапувал и по поднесени барања за изземање на судии. До Претседателот на судот во текот на 2022 година биле поднесени вкупно 79 – седумдесет и девет барања за изземање на судии. Притоа донесени се 19 – деветнаесет решенија со кои барањата за изземање на судии се одбиени, 3-три решенија со кое барањето за изземање е отфрлено и 57- педесет и седум решенија со кои барањата за изземање на судии се уважени. Во текот на 2022 година 17-седумнаесет барања за изземање се поднесени од странките, додека па 62- шеесет и две барања се поднесени од самите судии.

Основниот кривичен суд Скопје успешно соработувал и со други државни органи, институции и судови. Посебно важна е комуникацијата на судот со Основниот граѓански суд Скопје, особено по однос на завршените–архивирани предмети кои останале во архивите на основните судови, односно не биле предадени во судовите во кои предметите преминале во надлежност согласно измените на Законот за судовите од 2007 година.

Продолжила и соработката со Министерството за правда на РСМ и Министерството за внатрешни работи на РСМ во делот на постапување по барањата за меѓународна правна помош, екстрадициите и постапките за трансфер на постапки и осудени лица. Во текот на 2022 година, во Основен кривичен суд Скопје по одобрените средства од страна на Судскиот Буџетски Совет, изготвен е Годишен план за јавни набавки според кој биле предвидени да се спроведат 28 постапки за јавни набавки, од кои 5-пет постапки било предвидено да се спроведат како групна јавна набавка согласно чл.24 од ЗЈН и тоа преку 1-една од страна на Апелациониот суд на РСМ, и 4-четри од

страна на Судски Совет на РСМ, потоа 5-пет постапки било предвидено да се спроведат како поедноставени отворени постапки и 18-осумнаесет постапки било предвидено да се спроведат како набавки од мала вредност согласно Законот за јавни набавки.

Годишниот план за јавни набавки за 2022 година два пати бил дополнуван, така што било предвидено да се спроведе уште една постапка за јавна набавка како набавка од мала вредност и уште една постапка за јавна набавка како отворена постапка. Од планираните постапки за јавни набавки реализирани биле 4-четири постапки како групна јавна набавка, 4-четири поедноставени отворени постапки и 13-тринаесет постапки како набавки од мала вредност, согласно одредбите од Законот за јавни набавки, кои биле спроведени во електронска форма со користење на средства од Електронскиот систем за јавни набавки.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

Работата на Основниот суд Скопје е организирана по одделенија и оддели и тоа: Специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција, Кривичен оддел-Полнолетни, Кривичен оддел-Малолетни, Истражен оддел, Оддел Претходна постапка, Оддел за Прекршоци и Оддел за извршување на санкции.

Основниот кривичен суд Скопје во извештајната 2022 година имаше драстично зголемен прилив на ново примени предмети-вкупно 111.275 предмети, што е за 13 973 предмети повеќе споредбено со 2021 година кога биле примени 97 302 предмети. Обемот на предмети во работа во Основниот кривичен суд Скопје во текот на 2022 година изнесува 125 076 предмети, од кои 2.468 предмети во Одделението за организиран криминал, 76 предмети Организиран криминал-оцена на обвинителен акт, 7.683 предмети во Кривичниот оддел – полнолетни, 280 предмети Кривично оцена на обвинителен акт, 655 предмети во Одделот за малолетници, 966 предмети во Одделот за истрага и претходна постапка Кривично-полнолетни, 95 предмети –Овластено следење на комуникации 596 предмети во Одделот за истрага и претходна постапка – Организиран криминал 27.417 предмети во Одделот за прекршоци, 31.289 предмети во Одделот за извршување на санкции, 50.728 предмети во Одделението за кривична, казнена и прекршочна евиденција, како и 148 предмети по Замолници и 2.674 предмети-Судска управа.

Состојбата со предметното работење е следната:

**Специјализирано одделение за организиран криминал и корупција**

Во Одделението за организиран криминал и корупција бројот на остатокот на нерешени предмети од 2021 година изнесувал 149 предмети, во текот на 2022 година примени се 237 предмети или вкупно во работа во 2022 година имало 386 предмети. Решени се вкупно 247 предмети, а нерешени останале 139 предмети.

Од вкупниот број на решени КОК предмети во текот на 2022 година 247 предмети, 231 предмети се решени со пресуда, 6 предмети се решени со решение и 8 предмет на друг начин.

Во извештајниот период од вкупниот број на решени 247 предмети обжалени се 99 предмети или 40,08%, од кои 60 предмети се потврдени или 24.29%, 24 предмети се укинати или 9,72%, а преиначени се 15 предмети или 6.07%.

Во кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција во текот на 2022 година, имаше во работа вкупно 2.082 предмети, завршени се 2.006 предмети, а останале нерешени 76 предмети.

Во извештајниот период од вкупниот број на решени 2006 предмети обжалени се 219 предмети или 10,92%, од кои 192 предмети се потврдени или 9.57%, 6 предмети се укинати или 0,30%, а преиначени се 21 предмети или 1.05%.

На вкупниот број на предмети во Одделението 2253 завршени во 2022 година процентот на укинати изнесува 1.33 %, што имајќи ја во предвид ваквата статистика

одлуките на овој суд во 98.675% биле правилно донесени бидејќи ниту странките не ги обжалиле ниту повисокиот суд во оние кој ги преоценувал истите ги потврдил, што претставува извонреден квалитет на одлуките на Основниот кривичен суд Скопје.

**Кривично полнолетни**

Во Кривичниот оддел полнолетни во извештајната 2022 година вкупно во работа имаше 4.310 кривични предмети, од кои 1.535 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 2.775 предмети се ново примени предмети. Во текот на 2022 година во Одделот кривично полнолетни решени се вкупно 2.811 предмети, а нерешени останаа 1.499 предмети. Од вкупниот број на решени предмети, 2.811 предмети, со пресуда се завршени 2.575 предмети, со решение 220 предмети и 16 предмети решени на друг начин.

Кривичниот оддел полнолетни во извештајната 2022 година го задржал високиот квалитет во работењето, согледано низ призма на предметите кои не биле обжалени, како и низ призма на одлуките на Апелациониот суд Скопје и Врховниот суд на Република Северна Македонија. Од вкупно завршени 2.811 предмети, во текот на 2022 година заклучно со 31.12.2022 година обжалени се вкупно 420 предмети.

Од вкупниот број на обжалени 420 одлуки во извештајната година 48 одлуки се укинати, односно 11,43 %, но на вкупниот број решени предмети во овој Оддел 2.811 завршени во 2022 година процентот на укинати изнесува 1,70 %, што имајќи ја во предвид ваквата статистика, одлуките на овој суд во 98,30% биле правилно донесени, бидејќи ниту странките не ги обжалиле, а повисокиот суд во оние во кој ги преоценувал, истите ги потврдил, што претставува извонреден квалитет на одлуките на Основниот Кривичен Суд Скопје.

Од вкупниот број обжалени одлуки - 420, повисокиот суд потврдил 330 одлуки односно 78,57%, 42 одлуки се преиначени или 10,00%, Од преиначените одлуки, 16 одлуки или 3,81% се преиначени во поглед на правната квалификација и казната, додека пак 26 или 6,19% се преиначени во поглед на кривичната санкција согласно Кривичниот законик, 48 одлуки се укинати, односно 11,43 %.

**Кривичен совет-полнолетни**

Во рамките на Кривичниот оддел полнолетни спаѓаат и одлуките на Кривичниот совет од чл.25 ст.5 од ЗКП. Во извештајната 2022 година вкупно во работа имаше 3.373 кривични предмети од кои 188 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 3.185 предмети се новопримени. Во текот на извештајната 2022 година, Советот заврши вкупно 3.156 предмети, а нерешени останаа 217 предмети.

Вкупно нерешени предмети на крајот од 2022 година останаа 217 предмети што претставува 29 предмети повеќе од вкупно нерешените предмети на крајот на 2021 година кои изнесуваа 188 предмети.

Квалитетот на решени предмети во Кривичниот совет е со висок процент на потврдени, односно од вкупниот број на решени – 3.156 предмети, обжалени се 234 одлуки или 7,41%. Од вкупно решените во однос на обжалените на Кривичниот совет 5,60% или 177 предмети се потврдени, 0,50% или 16 предмети се укинати и преиначени се 1,30% или 16 предмети. Во однос на процентот од обжалените, 72,84% се потврдени, 6,58% се укинати и 16,87% се преиначени, што значи дека квалитетот на решени предмети во Кривичниот совет е на релативно високо ниво.

**Оддел за малолетници**

Во специјализираниот Оддел за малолетници на Основниот кривичен суд Скопје, со почетокот на 2022 година, пренесени се 78 нерешени „КМ“ предмети од 2021 година. Во текот на 2022 година примени биле 130 предмети, така што судиите за деца во текот на 2022 година постапувале по вкупно 208 предмети. Во текот на 2022 година судиите за деца решиле вкупно 132 предмети. На крајот на 2022 година останале нерешени 76 „КМ“ предмети.

Во текот на 2022 година вратени се од жалбена постапка 6 КМ-предмети од кои 4 потврдени во целосно, 1 преиначена-целосно и 1 укината-целосно.

По оформените „КРМ“ предмети, Судиите за деца претседаваат со Советите за деца кои одлучуваат по предметите за запирање на извршувањето на изречените воспитни мерки; за измена на изречените воспитни мерки; за повторно одлучување за потребата од извршување на изречените воспитни мерки чие извршување воопшто не започнало; за престанокот на воспитните мерки ако за времетраењето на воспитната мерка судот изрече казна затвор за деца или затвор, а претседаваат и со Кривичните совети за деца кои одлучуваат по предметите за бришење на податоците за изречените воспитни мерки и осуди на казна малолетнички затвор од казнената евиденција, а вршат и други работи определени со Законот за правда за деца. Во почетокот на 2022 година се пренесени вкупно 26 не решени „КРМ“ предмети од 2021 година. Во текот на 2022 година се примени 405 предмети така што Судиите за деца во текот на 2022 година постапувале по вкупно 431 предмети. Во текот на 2022 година Судиите за деца решиле вкупно 388 предмети. На крајот на 2022 година останале нерешени 43 „КРМ“ предмети. Судиите за деца претседаваат со Кривичните совети за деца кои вкрстено одлучуваат по „КСМ“ предмети оформени по жалбите против решенијата на судиите за деца. Во текот на 2022 година се примени вкупно 16 „КСМ“ предмети и 2 "УО-КМ" предмети. Судиите за деца постапуваат и по прекршочните предмети спрема деца во ризик од 14 до 18 години, за дејствија што со закон се предвидени како прекршоци, согласно Законот за правда за децата со сообразна примена на Законот за прекршоците, кривичниот законик и Законот за кривичната постапка. Во почетокот на 2022 година се пренесени вкупно 122 нерешени „ПРК М“ предмети од 2021 година. Во текот на 2022 година, се примени вкупно 521 „ПРК М“ предмети, така што Судиите за деца постапувале по вкупно 643 предмети. Во текот на 2022 година Судиите за деца решиле вкупно 543 „ПРК М“ предмети. На крајот на 2022 година останале не решени вкупно 100 „ПРК М“ предмети. На крајот на 2022 година во Одделот за малолетници нема стари прекршочни предмети.

**Оддел за прекршоци**

Одделот за прекршоци извештајната 2022 година ја започна со 1110 нерешени стари предмети како остаток од 2021 година. Во текот на 2022 година примени се нови 722 стари предмети или вкупно во работа 1832 стари предмети од кои решени се 1518 стари предмети, а останале нерешени 314 предмети, кои во текот на 2023 година ќе бидат приоритет во решавањето на предметите во овој оддел. Во текот на 2022 година во Одделот за прекршоци примени се вкупно 19 804 прекршочни предмети од кои: 16 544 предмети се од областа “сообраќај“, 1 225 предмети се од областа на “јавниот ред и мир“, 1 513 предмети се од областа на “останато“ и „прекршочни предмети за малолетници“ 521 предмети. Со заостатокот од претходниот извештаен период од вкупно 7 391 предмети овој оддел во текот на 2022 година работел со вкупно 27 194 предмети. Во тековната година решени се вкупно 16 693 предмети, а останале нерешени 10 501 предмети.

Во текот на 2022 година во Прекршочниот совет-оддел прекршоци примени се 194 нови ПРК-ПОВ предмети и со заостатокот од 2021 година од 29 предмети вкупно во работа имало 223 предмети. Во текот на 2022 година решени се 159 предмети. На крајот од 2022 година останале нерешени 64 ПРК-ПОВ предмети. Од вкупно решените 159 предмети обжалени биле 21 предмети од кои 20 предмети биле потврдени или во однос на решените предмети процентуално 12,58%, а укинат бил 1 предмет или 0.63%. Нема преиначени.

**Истрага и претходна постапка**

Истражниот оддел на овој суд функционално се состои од два оддели и тоа: оддел-кривична истрага кој постапува по истражни предмети КИ и ОИД согласно стариот ЗКП и оддел кривично претходна постапка кој постапува по предмети КПП и КНЗД (и УОСК предмети), согласно новиот ЗКП.

Во извештајната 2022 година Истражниот оддел својата работа ја започна со 2 нерешени истражни предмети „КИ“од претходните години, во текот на 2022 година нема примено „КИ“ предмет, што вкупно во работа во 2022 година биле 2 „КИ“ предмети, од кои во текот на 2022 година нема решени КИ предмети. На крајот на 2022 година нерешени останаа 2 „КИ“ предмети.

**Претходна постапка-кривични полнолетни**

Одделот на претходна постапка се состои од оддел на претходна постапка – кривично полнолетни и оддел на претходна постапка во одделението за организиран криминал и корупција.

*Оддел на претходна постапка – кривично полнолетни*

Во извештајната 2022 година овој оддел својата работа ја започнал со 2 нерешени КПП предмети од претходните години, а биле примени нови 950 предмети или вкупно во работа имало 952 предмети, од кои се решени 934 предмети, а на крајот на 2022 година нерешени останаа 18 „КПП“ предмети. Во овој оддел на крајот од 2021 година имало 2 нерешени предмети така што во 2022 година се заведени 10 ново „КНЗД“, што значи вкупно во работа имало 12 предмети, од кои се решени 5, а останале нерешени 7 предмети.

Во одделот за претходна постапка во извештајната 2022 година спрема 162 лица определена е мерка притвор. За 36 лица определена е мерка куќен притвор, за 23 лица определени се мерки на претпазливост. Исто така, за 21 лице поднесени се предлози за екстрадиционен притвор и на истите им е определен екстрадиционен притвор.

Во судот примени се 41 предлог-спогодби и истите се решени во текот на извештајната 2022 година. Во овој оддел се постапува и по Посебни истражни мерки (ПИМ), кои се заведуваат во посебен уписник за овластено следење на комуникации „УОСК“. Во извештајната 2022 година биле заведени се 75 УОСК предмети, и со остатокот од 2021 година од 20 предмети вкупно во работа имало 95 предмети и истите се решени во текот на 2022 година.

*Оддел на предходна постапка во одделението за организиран криминал и корупција*

Во текот на 2022 година примени се 572 КОК-ПП предмети и заостаток од 2021 година 15 предмети или вкупно во работа во текот на 2022 година имало 587 КОК-ПП предмет. Од вкупниот број на предмети решени се 575 КОК-ПП предмети, а останале нерешени 12 КОК-ПП предмети. Исто така заведени се 7 нови предмети ОКНЗД, и остатокот од 2021 година-2 предмети вкупно во работа во овој оддел имало 9 ОКНЗД предмети и истите се решени во текот на 2022 година.

Од примените КОК-ПП предмети 44 предмети се однесуваат на “Предлог-спогодба”, при што во текот на извештајната 2022 година решени се 42 “Предлог-спогодби”, а останале нерешени 2 предмети.

Исто така, од примените К-ПП предмети 64 предмети се примени како Барање за посебни истражни мерки, и остатокот од 6 предмети од 2021 година вкупно 70 предмети. Решени се 64 предмети, а останале нерешени 6 предмети.

Во оддел претходна постапка–организиран криминал и корупција во извештајната 2022 година спрема 188 лица е определена мерка притвор, за 6 определен е мерка Куќен притвор. За 6 лица определени се мерки на претпазливост. Исто така за 9 лица поднесени се–Предлози за определување екстрадиционен притвор и на истите им е определен екстрадиционен притвор.

**Извршување на санкции**

Извештајниот период овој оддел го започна со вкупен број од 3.080 нерешени предмети од претходната 2021 година. Во текот на 2022 година примени се вкупно 28.209 предмети, така што во работа биле вкупно 31.289 предмети. Од нив вкупно се решени 28.330 предмети, а останале нерешени вкупно 2.959 предмети.

Како што тоа е укажано и во претходните годишни извештаи и во извештајната 2022 година, проблемот со немањето на евиденција за навременото плаќање на кривичните парични казни и глоби, како и трошоци на постапките од страна на осудените

лица, за кои не постои законска обврска за доставување на доказ до судот, сеуште се создава дополнително работно оптоварување заради фактот што паричните казни, глоби и трошоците на постапките, од страна на осудените лица биле платени пред започнување на постапката за присилна наплата на истите. Исто така кога присилната наплата е започната од страна на Управата за јавни приходи, судот не добивал известување за отпочнување на оваа постапка, па се случувало судот да пристапи кон замена на паричната казна со казна затвор по претходно повлекување на присилната наплата, а странките по добивањето на упатниот акт да го известат судот дека во тек е постапка за присилна наплата, и заведените предмети каде паричната казна е заменета со затвор го чекаат завршувањето на присилната наплата.

**Состојба со стари предмети**

Во 2022 год. вкупно во работа биле 2 427 стари предмети. Од тие предмети, решени се 1 831 предмети, а незавршени останале 596 предмети.

**Човечки ресурси**

Судот ја завршил извештајната година со 48 судии. На тројца судии од предвидените со систематизација им мирувала судиската функција, двајца се упатени во друг суд, а еден во Судскиот совет на Република Северна Македонија. Во текот на 2022 година на 3 судии им престанала функцијата поради исполнување услови за старосна пензија, 3 судии се разрешени со одлука на Судскиот совет, 1 судија бил отсутен подолго време од здравствени причини а 1 судија користел породилно отсуство.

Во судот вкупно работат 257 судски службеници како и 14 вработени кои имаат статус на судски службеници а вршат технички и помошни работи и вкупно 19 припадници на судска полиција. На 2 судски службеници им мирува работниот однос. Вработени се и 25 судски службеници со договор на определено време. Покрај тоа, во извештајната година по спроведен јавен оглас вработени се и 5 судски службеници на неодредено време. Во текот на 2021 година, вработувањето им престанало на 9 судски службеници. Вработувањето им престанало на 21 судски службеник. И на 2 лица кои немаат статус на судски службеник.

Иако со актот за систематизација на работните места се предвидени и работни места за раководни судски службеници, Основниот кривичен суд Скопје, освен еден раководител на оддел и двајца раководители на одделение, нема други раководни судски службеници. На големиот број на вработени, недостатокот на раководни судски службеници создава потешкотии во работењето на судот. Покрај тоа недостасуваат и помошно стручни службеници како што се дактилографи-записничари.

**Просторни капацитети**

Просторните капацитети со вселувањето во новата судска зграда задоволуваат. Информатичката опрема се подновува, набавена е нова и таа е инсталирана во новата зграда, но тоа е состојба која секогаш треба да се подобрува.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот Кривичен суд Скопје, како и во претходната година и во 2022 година, покажал висок квалитет на работа но не успеал да ја постигне ажурноста и се оценува како **неажурен суд.**

Статистичките податоци во врска со квалитетот на работата покажуваат дека овој суд се одликува со висок процент на необжалени одлуки, и со обжалени и потврдени одлуки од повисоките судови. Овие показатели укажуваат дека се работи за суд со високо квалитетни резултати во работењето. По тежината и по квантитетот на предметите Основниот Кривичен суд Скопје веројатно е еден од најоптеретените судови и под постојан надзор на јавноста и треба и во иднина да продолжи со ажурно и

квалитетно работење. Имајќи го предвид зголемениот прилив на предмети, како и фактот што Основниот кривичен суд Скопје во текот на 2022 година имал недостиг на судии (пензионирање, породилно, боледување), решени се вкупно 109 183 предмети, што е за 4 436 решени предмети повеќе од претходната 2021 година кога овој суд ја завршил со 104 747 решени предмети.

Просторните услови се на релативно задоволително ниво. Во однос на состојбата со информатичката опрема, неопходно е постојано надградување на системот. Во периодот што следи треба кадровски да се зајакне судот со раководни судски службеници и со помошно стручни службеници како што се дактилографи-записничари.

## ***ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ***

**Предметно работење на ниво на суд**

- Од претходната 2021 година, во Основен граѓански суд Скопје останале нерешени 15191 предмети.
- Во текот на 2022 година, во Основен граѓански суд Скопје се оформени и примени во работа 42141 нови предмети, од кои (40801 нови 1340 повторно заведени предмети, а 57 погрешно заведени предмети).
- Во текот на 2022 година, во работа биле вкупно 57281 предмет.
- Во текот на 2022 година, вкупно се решени 39291 предмет.
- Во текот на 2022 година, Основен граѓански суд Скопје, не го совладал приливот, а заостатокот е зголемен за 2799 предмети.

**Квалитетот во работата на ниво на судот**

Од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година : потврдени се 4668 односно 16,57%, преиначени се 247, односно 0.88% , укинати се 776 односно 2.75%, 194 делумно укинати односно 0.69%, споредбено со претходната извештајна година нема подобрување на квалитетот.

**Состојба со стари предмети**

Во текот на извештајната година во судот вкупно во рабата имало 5154 предмети со статус стари предмети, од кој 2515 од претходната година со што останале нерешени, а 2639 се примени во текот на 2022 година, а решени се 2428 предмети, останале нерешени 2728 предмети.

Што се однесува со старите предмети не е совладан приливот и е зголемен заостатокот на стари предмети.

**Кратки констатации за човечки ресурси**

Во текот на 2022 година судот своите законски надлежности ги извршувал со помал број на судски службеници од утврдените 581 според систематизација, пополнети 249.

**Просторни капацитети**

Основниот граѓански суд Скопје нема просторни можности за преземање на нотарската архива, исто така има потреба за ИТ опрема компјутери и монитори.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

**Основниот граѓански суд Скопје** во текот на 2022 година не го совладал приливот на предметите и е зголемен заостатокот на предметите и се оценува како **неажурен суд.** Како мерки кои се предлагаат за надминување на слабостите се: вработување на судски службеници, изнаоѓање на простор за архивата, ИТ опрема.

## ***ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Од претходната 2021 година, во Основен суд Велес останале нерешени вкупно 2.730 предмети. Во текот на 2022 година, Основниот суд Велес успеал да го совлада приливот за предмети и да го намали остатокот на нерешени предмети за 109 предмети, бидејќи во 2022 година во работа биле вкупно 27.149 предмети, од кои решени се 24.432 предмети, а 2.621 предмети се нерешени предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Нерешени предмети од претходната година се 7 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година, е 1.031, од кои решени се 1.027 предмети, а останале нерешени 4 предмети.

**Квалитет на предметите на ниво на суд**

Во текот на 2022 година, решени се 6.658 предмети. Од нив се потврдени 504 предмети, односно 7,6%, укинати биле 106 предмети односно 1.6% и преиначени 130 предмети односно 2%

**Предметно работење на ниво на оддел**

**Кривичен оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 1.947 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година, е 21.220, од кои решени предмети се 19.479 а останале нерешени 1.741 предмети и на ниво кривичен оддел успеал да го совлада приливот на предмети и да го намали остатокот на нерешени предмети за 206 предмети.

**Граѓански оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 783 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година, е 5.929, од кои решени се 5.049 предмети а останале нерешени се 880 предмети и на ниво граѓански оддел не успеал да го совлада приливот на предмети и зголемен е остатокот на нерешени предмети за 80 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на оддел**

**Кривични оддел**

Од решените 4.645 предмети, 282 предмети, односно 6.1% се потврдени, 84 предмети, односно 1,8% се укинати и 68 предмети, односно 1,5% се преиначени.

**Граѓански оддел**

Од решените 1.111 предмети во текот на извештајната година, 190 предмети, односно 17,1% се потврдени, 43 предмет, односно 3,9% се укинати, а 16 предмети, односно 1,4 % се преиначени.

**Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Велес, состојбата со старите предмети е следна: вкупно стари предмети се 380 од кои 240 предмети по кои постапувал судот и 140 оставински предмети по кои постапувале нотари, од кои 210 останале од претходната 2021 година, примени биле 170, решени биле 169 предмети по кои постапувал судот и 52 оставински предмети по кои постапувале нотари, а нерешени останале 159 предмети, од кои 71 предмети по кои постапувал судот и 88 оставински предмети по кои постапувале нотари.

Во текот на 2022 година судот успеал да го совлада приливот на стари предмети и да го намали остатокот на нерешени стари предмети за 46 а исто така приливот на стари предмети кај оставински предмети по кои постапувале нотари како повереници на судот е совладан и е намален остатокот за 5 нерешени стари предмети.

**Кратки констатации за човечките ресурси**

Со одлука на Судскиот совет на РСМ од 26.11.2015 година, утврдено е судиската функција во Основен суд Велес да ја извршуваат 18 судии. Во текот на 2022 година се пополнети 16 судиски места, вклучително со местото Претседател на судот. Со одлука на Судскиот совет на РСМ во текот на целата 2022 година еден судија е делегиран во Основен суд Кавадарци и еден судија е делегиран во Основен суд Неготино, а од

13.12.2022 година еден судија времено е оддалечен од вршењето на судската функција. Во врска со човечките ресурси согласно со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, предвидени се вкупно 116, а заклучно со 31.12.2021 година, пополнети се 47 работни места.

Со годишниот план за вработување за 2022 година биле одобрени средства за 3 вработувања за судски службеници, било одобрено унапредување на 4 судски службеници и вработување на 4 судски службеници на определено време.

**Просторни капацитети**

Зградата во која работи судот е реновирана и е во добра состојба. Сите простории се опремени со мебел и клима уреди, реновирани се и архивите во кои се сместени метална плакари.

Расправите и рочиштата се одржуваат во 8 опремени судници.

Информатичка опрема со која располага судот ги задоволува потребите на судот и овозможува целосна примена на Судскиот деловник во однос на скенирањето на поднесоците и формирање на електронско досие на предметот.

Сите судии и стручни судски службеници и дел од судските службеници имаат пристап до интернет.

Целокупната евиденција и сите извештаи се водат и се креира единство преку АКМИС системот.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Велес во тековната 2022 година бил ажурен, бидејќи успеал да го совлада приливот за 109 предмети. Во почетокот на 2022 година, останале нерешени 2.730 предмети , а вкупно во работа биле 27.149 предмети, од кои решени се 24.432 предмети, додека 2.621 се водат како нерешени, па произлегува дека Основниот суд Велес во тековната 2022 година се оценува како **ажурен суд**, бидејќи успеал да го совлада приливот и да го намали остатокот на нерешени предмети за 109 предмети.

Предлог мерки:

- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работа бидејќи е намален приливот и остатокот на нерешените и на старите предмети
- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места.
- Да се согледа можноста за техничко доопремување.

***ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 468 предмети. Во работа примил 11.880 нови предмети и со 88 предмети повторно земени во работа вкупно во работа имал 12.436 предмети. Од тие решиле 11.969 предмети и нерешени останале 467 предмети. Приливот на предмети е совладан и заостатокот е намален за 1 предмет.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 706 предмети од кои решени се 705 предмети, а нерешен останал 1 предмет.

Судската управа е раководена од Претседател на судот Марица Аврамчева Зафирова.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

Состојбата со предметното работење е следната:

**Кривичен оддел**

Од претходна година имало заостаток од 171 предмет. Примени со нови 8.512 предмети и со 54 предмети земени повторно во работа, вкупно во работа имало 8.737 предмети. Од тоа решени се 8.556 предмети и незавршени останале 181 предмет. Заостатокот на предмети е зголемен за 10 предмети.

Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 2.182 предмети со право на жалба, 28 предмети или 1,28% се потврдени, 13 предмети или 0,59% се укинати, 22 предмети или 1,01%, се преиначени. (Процентот е пресметан во однос на вкупниот број на решени предмети).

**Граѓански оддел**

Од претходната година имало заостаток од 297 предмети. Примени со нови 2.662 предмети и со 34 предмети земени повторно во работа, вкупно во работа имало 2.993 предмети. Од тоа решени се 2.708 предмети и незавршени останале 285 предмети. Заостатокот на предмети е намален за 12 предмети.

Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 700 предмети со право на жалба, 158 предмети или 22,57% се потврдени, 18 предмети или 2,57% се укинати и 2 предмети или 0,29% се преиначени. (Процентот е пресметан во однос на вкупниот број на решени предмети).

**Состојба со стари предмети**

На почетокот на 2022 година Основен суд Гевгелија имал 24 постари предмети од 2 години во работа. На крајот на 2022 година во работа останале 17 стари предмети, што значи дека бројката е намалена за 7 предмети.

**Кратки констатации за човечки ресурси**

Во извештајната година судот имал доволен број судии и администрација и во извештајот не се искажува недостаток. Според систематизацијата во Основен суд Гевгелија се предвидени 13 судии. Во 2022 година судската функција ја извршувале 8 судии заедно со Претседателот на судот. Во судската служба предвидени се 129 работни места, а пополнети се 46 работни места.

**Просторни капацитети**

Во Основен суд Гевгелија постојат добри услови за работа за судиите и вработените во судот. Зградата на судот е функционална и ги задоволува потребите на судот, но потребна е реконструкција на покривот кој е рамен кров, дел покриен со лим, а дел со битумен кој протекува. Состојбата со информатичката опрема ги задоволува потребите на судот. Судот располага со доволен број компјутерска опрема, има пристап до интернет, функционира електронската достава.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

За работата на судот може да се заклучи следното:

Од аспект на предметното работење Основен суд Гевгелија се оценува како **ажурен суд**, приливот е совладан, заостатокот е намален за 1 предмет.

Квалитетот во работата се одликува и со висок процент на необжалени одлуки и квалитетно работење во однос на вкупно решените предмети.

Просторните услови и состојбата со информатичка и безбедносна опрема задоволува.

Предлог мерки:

-потребно е реновирање на покривот од зградата и инфраструктурата.

-Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

***<u>ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ</u>***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Нерешени предмети на почетокот на извештајната година е 889 предмети.

Во текот на 2022 година, во Основен суд Кавадарци се оформени и примени во работа 11967 нови предмети од кои 11861 нови 106 повторено заведени, а 1 погрешено е заведен.

Во текот на 2022 година, во работа биле вкупно 12855 предмети.

Во текот на 2022 година, вкупно се решени 12211 предмети.

Во текот на 2022 година, вкупниот број на нерешени предмети е 644.

Во текот на 2022 година, Основен суд Кавадарци и покрај зголемување на приливот на предмети успеал да го совлади приливот, а заостатокот е намален зголемено за 128 предмети. И е ажурен суд.

**Квалитетот во рабата на ниво на судот**

Од 12211 решени предмети, а од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година: потврдени се 357 односно 2.92%, преиначени се 15, односно 0.18% , Укинат се 32 односно 0.38%.

**Состојба со стари предмети**

Во текот на извештајната година во судот вкупно во рабата имале 244 предмети со статус стари предмети, од кој 141 од претходната година што останале не решени, а 103 се примени во текот на 2020 година, а решени се 114 предмети останале нерешени 130 предмети.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Кавадарци во текот на 2022 година го совладувал приливот на предмети, заостатокот го намалил и се смета и се оценува како **<u>ажурен суд</u>**.

Предлог мерки:
Избор на судии,
Вработување на судски службеници,
Реновирање и адаптација на судската зграда.

***<u>ОСНОВЕН СУД КРАТОВО</u>***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Кратово од претходната 2021 година останале нерешени вкупно 231 предмети, а новопримени во текот на 2022 година биле 2777 предмети, 52 предмети повторно биле во работа, нема погрешно заведени предмети, така што вкупниот број на предмети во работа во 2022 година бил 3060 предмети. Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2022 година биле решени 2831, а останале

нерешени 229 предмети. Со оглед на наведените податоци во извештајната 2022 година Основниот суд Кратово го совладал приливот и решил 92,51% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и е апсолутно ажурен суд.

**СУДСКА УПРАВА**

Во работењето на судската управа, нерешени предмети на почетокот на годината 1 предмет, новопримени во текот на 2022 година биле 423 предмети, погрешно заведени нема. Од вкупниот број предмети во работа, решени биле 424, решени се сите предмети.

**Квалитет на предметите на ниво на суд**

Од вкупниот број на решени 2831 предмет, потврдени се 117 предмети, односно 4,13%, укинати се 47 предмети, односно 1,66% и преиначени 24 предмети, односно 0,84%.

**Работа по Оддели и квалитет во работата**

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Кратово од претходната извештајна година останале нерешени 160 предмети, новопримени биле 602 предмети, 32 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2022 година во овој оддел во работа биле вкупно 794 предмети, од кои решени биле 624 предмети и останале нерешени 170 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Граѓанскиот оддел во извештајната 2022 година е следниот: од вкупниот број на решени 624 предмети, потврдени биле 103 предмети, односно 16,50%, укинати 29 предмети, односно 4,64% и преиначени 7 предмети, односно 1,12%.

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Кратово од претходната извештајна година останале нерешени 70 предмети, новопримени биле 1752 предмети, 20 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2022 година во овој оддел во работа биле вкупно 1842 предмети, од кои решени биле 1783 предмети, а останале нерешени 59 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Кривичниот оддел во извештајната 2022 година е следниот: од вкупниот број на решени 1783 предмети, потврдени биле 14 предмети, односно 0,78%, укинати 18 предмети, односно 1,00% и преиначени 17 предмети, односно 0,95%.

Во годишниот извештај за работа на Основниот суд Кратово за 2022 година нема податоци за предмети во Прекршочниот оддел.

**Состојба со стари предмети**

Од вкупно 60 стари предмети, во текот на 2022 година решени се 30 предмети, а останале нерешени 30 предмети, од кои нерешени 2 кривични предмети за кривични полнолетни, 1 предмет парничен мала вредност, 1 предмет за работен спор и 26 оставински предмети.

**Просторни капацитети**

Основниот суд Кратово работи во сопствена судска зграда која функционално одговара за намената на овој суд.

Сериозен проблем во работењето на судот е загревањето кое се остварува со парно на електрична енергија, што е не економично, застарено и не ја постигнува задоволувачката температура за нормална работа во судските простории. За да се оствари заштеда на електрична енергија и загревањето во судот да биде поефикасно потребно е старите и дотраени дрвени прозорци на судот да се заменат со нови ПВЦ прозори и старите врати да се заменат со нови.

Заради подобрување на просторните услови во судската зграда судот ангажирал фирма којашто изработила конкретен проект за реновирање на судската зграда во кој се пресметани висината на средствата потребни за реализација на оваа реконструкција.

Исто така, потребно е изработка на енергетска и ефикасна фасада со реновирање на влезната партија (партер и настрешница), со оглед дека фасадата на судот е дотраена, влезот на судот – партерот е во лоша состојба, плочките на подот се искршени и небезбедни за движење и е потребно реновирање на овој дел и на настрешницата над влезот.

За заштеда на електрична енергија потребно е набавка на инсталација на фотоволтејчни панели, како и набавка на 4 климатизери.

Во Основниот суд Кратово потребна е набавка на метални архивски ормари, бидејќи во постоечките нема повеќе место за сместување на нови предмети.

Неопходно е набавка на канцелариски мебел, бидејќи постоечкиот е дотраен и стар повеќе од 40 години.

За потребите на судот потребно е набавка на патничко моторно возило. Судот располага со едно возило „Ауди 80“ произведено 1979 година, дотраено со постојани дефекти, а трошоците за одржувањето се големи и истото е неисплатливо за одржување и не безбедно за патување. Во него нема ниту парно ниту клима.

**Информатичката технологија**

Во Одделението за сметководство се користи АБМС-системот, кој има постојани проблеми при користењето од страна на овластените службеници. Неопходно е подобрување на оваа програма како не би се соочувале со проблеми во работењето.

За тонско снимање на рочиштата се користи СРС ФЕМИДА системот, односно софтверот за водење на тонски записи на рочиштата. Потребно е да се најде начин да се одржува овој систем бидејќи истиот во овој суд е инсталиран само во една судница и веќе застарува опремата, еден микрофон не функционира и истиот нема кој да го замени со соодветен иако тој проблем е пријавен. Потребно е да се инсталира уште еден систем за тонско снимање во друга судница со цел да може да се исполни законската обврска за тонско снимање на рочиштата, во спротивно би се појавил проблем за кратко време од овој тип во судот.

Судот има потреба од замена на сите компјутери што работат со Windows XP со нови компјутери. Ова од причина што програмот работи забавено и е со секојдневни проблеми УПС системите во салите за тонско снимање е потребно да се обноват.

**Констатации за човечки ресурси**

Во Годишниот извештај за работа на Основниот суд Кратово за 2022 година нема податоци за бројот на судии во судот.

Во изештајната 2022 година во Судот имало вкупно 15 вработени од судската служба, од кои само 9 службеници биле вработени на неопределено време. Во текот на 2023 година 1 судски службеник – доставувач ќе замине во пензија, така што ситуацијата со човечки ресурси во судот е алармантна. За непречено извршување на работните обврски во судот неопходни се нови вработувања согласно Годишниот план за вработување на Основен суд Кратово. Во текот на извештајната година не беше одобрено од Судско буџетски совет ниту едно од планираните 10 вработувања.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2022 година Основниот суд Кратово го совладал приливот и решил 92,51% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и се оценува како **ажурен суд**.

Предлог мерки:

- Да е вложат напори за решавање на старите нерешени предмети;
- Да се овозможат нови вработувања за кадровско доекипирање на судот согласно Годишниот план за вработување;
- Да се подобри/надгради програмата АБМС-системот, замена на неисправните технички компоненти и надградба на Системот за тонско снимање во судот и
- Подобрување на просторните капацитети во судот за заштеда на електрична енергија како непречено би се одвивала работата во Основниот суд Кратово.

## ***ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Од претходната 2021 година останале незавршени 1.031 предмет.

Во текот на 2022 година примени се во работа 5.237 нови предмети, 100 предмети се повторно во работа и 7 предмети се погрешно заведени.

Во текот на 2022 година, во работа биле вкупно 6.368 предмети.

Во текот на 2022 година, вкупно се решени 5.348 предмети.

Во текот на 2022 година, вкупниот број на нерешени предмети е 1.021.

Основниот суд Крива Паланка во текот на 2022 година го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 11 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во текот на 2022 година, бројот на новопримени предмети е 313.

Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година е 313.

Вкупниот број на решени предмети во 2022 година е 313, нерешени 0.

Судската управа е раководена од Претседателот на Судот Љубица Цветановска – Стојановска.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

Состојбата со предметното работење е следната:

**Кривичен Оддел**

Од претходната 2021 година, во кривичниот оддел останале незавршени 169 предмети.

Бројот на новопримени предмети во 2022 година е 3.819 предмети, 42 предмети се повторно во работа и 7 предмети се погрешно заведени.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2022 година е 4.030 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2022 година во кривичниот оддел е 3.845 предмети.

Нерешени предмети до крајот на 2022 година, останале 185 предмети.

Кривичниот оддел на Основниот суд Крива Паланка не го совладал приливот на предмети и заостатокот го зголемил за 16 предмети.

**Квалитетот на Кривичниот оддел**

Од обжалените и решени 969 предмети кои се вратени во текот на 2022 година, потврдени се 42 предмети или 4,33%, укинати се 23 предмети или 2.37% и преиначени се 29 предмети или 2,99%.

**Граѓански Оддел**

Од претходната 2021 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 862 предмети.

Бројот на новопримени предмети во 2022 година е 1.105 предмети, 58 предмети се повторно во работа и 0 предмети се погрешно заведени.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2022 година е 2.025 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2022 година во граѓанскиот оддел е 1.190 предмети.

Нерешени предмети до крајот на 2022 година останале 835 предмети.

Граѓанскиот оддел на Основниот суд Крива Паланка го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 27 предмети.

**Квалитетот на граѓанскиот оддел**

Од обжалените и решени 345 предмети кои се вратени во текот на 2022 година, потврдени се 82 предмети или 23,78%, укинати се 18 предмети или 5,21% и преиначени се 12 предмети или 3,47%.

**Состојба со стари предмети**

Во текот на 2022 година, во Основниот суд Крива Паланка во работа имало 362 стари предмети, од кои: 384 се оставински предмети (нотари), 1 вонпарничен предмет, 4 предмети од КУИКП (извршување на казна), 3 прекршочни предмети и 6 парнични предмети.

**Човечки ресурси**

Во Основниот суд Крива Паланка во 2022 година работеле вкупно 6 судии заедно со Претседателот на судот, а од втората половина на септември 2022 година со 4 судии заедно со Претседателот на судот. Во овој суд во 2022 година биле вработени 27 судски службеници. Од 01.03.2022 година е вработен водител на парнична писарница, а од 01.12.2022 година е вработен водител на прекршочна писарница, 1 виш судски референт – благајник, 5 судски референти – дактилографи (од кои 1 е вработен од 01.03.2022 година), 1 судски референт – извршител на работи и задачи во писарница за извршување на прекршочни санкции, 2 помлади судски референти – доставувачи, 4 припадници на судска полиција од кои 1 припадник е преземен сметано од 27.12.2022 година и 1 хигиеничар, додека непополнети останале (водител на вонпарнична, оставинска и писарница за извршување на прекршочни санкции). Согласно Правилникот на овој суд за внатрешна организација и систематизација на работните места, за судската служба се предвидени вкупно 59 работни места.

**Просторни капацитети**

Зградата на Основниот суд Крива Паланка е изградена пред 50 години. Истата е опремена со сопствен систем за топлотно греење од 1998 година, кој е реконструиран во 2003 и 2009 година. Во 2003 година била извршена надградба со изградба на уште еден – IV кат и обновување на фасада. Во Основниот суд Крива Паланка постојат добри услови за работа за судиите и вработените во судот. Зградата на судот е функционална и ги задоволува потребите на судот, состојбата со информатичката опрема ги задоволува потребите на судот.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Од аспект на предметното работење Основниот суд Крива Паланка се оценува како **ажурен суд**, приливот на предмети го совладал, а заостатокот го намалил за 11 предмети.

Предлог мерки:

Потребно е да се пополнат упразнетите судиски места и работните места за судските службеници.

Во однос на просторните капацитети, да продолжи континуирано подобрување на истите, бидејќи се работи за стара зграда изградена пред 50 години.

Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## ***ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Основниот суд Куманово 2022 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2021 година од 3.581 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 31.817 предмети, повторно во работа 326, погрешно заведени 14 предмети или во работа биле вкупно 35.710 предмети, од кои биле решени 32.231, а нерешени останале 3.479 предмети. Приливот е совладан, односно решени се вкупно 90,25% од вкупниот број на предмети во 2022 година. Споредбено со 2021 година, решени се 0,68% повеќе предмети во 2022 година.

**СУДСКА УПРАВА**

Судската управа 2022 година ја започнала со остаток од претходната 2021 година со 25 предмет. Во тековната 2022 година примени се 4.446 предмети, вкупно предмети во работа биле 4.471 предмети од кои решени се 4.449, а нерешени останале 22 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Од вкупно решените предмети 9.488, потврдени се 694 или 7,31%. Укинати се 236 или 2,49%, а преиначени 128 или 1,34%.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

**КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**

Кривичниот оддел 2022 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2021 година од 1.943 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 25.250 предмети, повторно во работа 144 предмети, погрешно заведени 7 предмети, односно вкупно во работа биле 27.330 предмети, од кои биле решени 25.634, а нерешени останале 1.696 предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решени 7.191 предмети, потврдени се 253 или 3,52%, укинати се 68 или 0,94 %, а преиначени се 83 или 1,15%.

**ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

Граѓанскиот оддел 2022 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2021 година од 1.638 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 6.567 предмети, погрешно заведен 7 предмет, повторно во работа 182 предмети, односно вкупно во работа биле 8.380 предмети, од кои биле решени 6.597, а нерешени останале 1.783 предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решените 2.297 предмети, потврдени се 441 или 19,19%, укинати 168 или 7,31% и преиначени 45 или 1,95 %.

**Состојба со стари предмети**

Судот во 2022 година вкупно во работа имал 645 стари нерешени предмети по сите основи, од кои 375 се пренесени од претходната година, решени се 328, а нерешени останале 317 предмети, од кои 160 предмети се оставински дадени кај Нотари-повереници на судот, заклучно со 31.12.2022 година. Од наведените податоци, произлегува дека има намалување на бројот на стари нерешени предмети во однос на 2021 година од вкупно 58 предмети.

**Човечки ресурси**

Судот 2022 година ја започнал со 139 вработени, но на 31.12.2022 година судот имал вкупно 134 вработени од кои 20 се судии заедно со В.Д. претседателот на судот. Во 2022 во Основен суд Куманово од Основен кривичен суд Скопје времено бил упатен еден судија на кого му истекло времето за кое бил делегиран и истиот во вратен во судот. Во 2022 година на еден судија констатиран му е престанок на вршење на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

На 01.01.2022 година во Основен суд Куманово биле вработени 139 лица. Меѓутоа на 31.12.2022 година во судот има вкупно 134 вработени лица. Од овој број 20 се судии вклучувајќи го и ВД Претседателот на судот, еден судски администратор, еден раководител на Одделение за информатика, 8 судиски соработници, 1 соработник преведувач, 15 помлади судски соработници, 2 помлади судски соработници – преведувачи, 1 помлад соработник за корпораделикти, 10 самостојни судски референти, 10 виши судски референти, 29 судски референти – дактилографи, 19 помлади судски референти, 9 припадници на судска полиција и 8 помошни и технички соработници.

Во 2022 година на еден судија му е констатиран престанок на вршење на судска функција поради исполнување на услови за старосна пензија. На 29.12.2022 година еден судија од страна на Судскиот совет на РСМ е избран за судија во Основен кривичен суд Скопје. Во 2022 година реализирани се 4 нови вработувања. Со преземање од Министерството за одбрана на РСМ вработено е едно лице припадник на судска полиција.

**Просторни капацитети**

Зградата во која работи Основниот суд Куманово е изградена пред повеќе од 60 години. Во што е можно пократок рок потребно е да се изврши набавка на современ противпожарен автоматизиран систем за серверска просторија; потребна е целосна реконструкција на електрична инсталација заради отстранување на опасноста од нејзино загревање, пожар и ненадејно исклучување, поради големиот број на потрошувачи на електрична енергија – компјутери, печатари, сервери, климатизери и слично. Потребна е целосна замена на локалната мрежа за поврзување на персонални компјутери во АКМИС системот. Неопходна е репарација на целиот систем за

топловодно греење со адекватен капацитет и квалитет. Исто така, потребна е реконструкција на зградата на приземје, а со тоа и на дел на останатите простории во судот, заради воспоставување на едношалтерски систем на приземјето и преселба на салите за судење од приземјето на горните катови. Да се најде начин Државно правобранителство на РСМ за Куманово да биде дислоцирано од просториите на судот. Да се обезбедат финансиски средства за поставување на нова енергетски ефикасна фасада на судската зграда; потребно е обезбедување средства за целосна реконструкција на настрешницата – тремот, кој го покрива влезот во судската зграда. Има потреба од обезбедување на средства за ангажман на државен архив, во средување на судската архива и тоа архивски кутии и соодветни метални ормани.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд во Куманово во текот на извештајната година од вкупно 35.710 предмети, од кои биле решени 32.231, а нерешени останале 3.479 предмети. Приливот е совладан, односно решени се вкупно 90,25% од вкупниот број на предмети во 2022 година. Оттука, произлегува дека Основниот суд Куманово во тековната 2022 година се оценува како **ажурен суд** <u>бидејќи</u> го совладал приливот за 414 предмети и намалил заостатокот за 102 предмети. Од анализата на квалитетот на работење на ниво на суд, а посебно по оддели, во граѓанскиот оддел квалитетот е намален, а во кривичниот оддел од податоците, се утврдува дека квалитетот на работење е зголемен на ниво на суд споредбено со 2021 година.

Предлог мерки:

-зголемени напори за подобрување на квалитетот на работење на ниво на суд, а особено во граѓанскиот оддел,

-инвестирање во просторните капацитети на судската зграда, електричната инсталација, топловодното греење, противпожарниот систем и

-редовно пополнување на систематизираните работни места.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО</u>***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Основниот суд Неготино 2022 година ја започнал со остаток на нерешени предмети од претходната 2021 година од 980 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 6.743 предмети, предмети повторно во работа *42*, погрешно заведени 6 предмети или во работа биле вкупно 7.759 предмети, од кои биле решени 7.097, а нерешени останале 662 предмети. Приливот е совладан.

**СУДСКА УПРАВА**

Судската управа 2022 година ја започнала со остаток од претходната 2021 година од 7 предмети. Во тековната 2022 година примени се 587 предмети, погрешно заведени 0 предмети, па вкупно во работа биле 594 предмети, од кои решени се 585, а нерешени останале 9 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Од вкупно решените предмети 174, потврдени се 124 или 71,26 %. Укинати се 32 или 18,39 %, а преиначени 14 или 8,06 %, делумно укинати 1 или 0,57 %, отфрлени 3 или 1,72%.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

**КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**

Кривичниот оддел 2022 година ја започнал со остаток на нерешени предмети од претходната 2021 година од 74 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 2.021 предмети, повторно во работа 13 предмети, погрешно заведени 0, па вкупно во работа биле 2.108 предмети, од кои биле решени 2.061, а нерешени останале 47 предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решени 2.061 предмети потврдени се 18 или 60,00 %, укинати се 9 или 30,00 %, преиначени 2 или 6,67 и отфрлен 1 или 3.33 %.

**ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Прекршочниот оддел 2022 година ја започнал со остаток на нерешени предмети од претходната 2021 година од 572 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 1.383 предмети, повторно во работа 17 предмети, погрешно заведени 0, па вкупно во работа биле 1.972 предмети, од кои биле решени 1.765, а нерешени останале 207 предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решени 1.765 предмети потврдени се 60 или 68,96 %, укинати се 14 или 16,09 %, а преиначени се 11 или 12*,65 %,* делумно укинат 1 или 1,15% и отфрлен 1 или 1,15%.

**ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

Граѓанскиот оддел 2022 година ја започнал со остаток на нерешени предмети од претходната 2021 година од 104 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 832 предмети, повторно во работа биле 11 предмети, погрешно заведен 3, па вкупно во работа биле 944 предмети, од кои биле решени 827, а нерешени останале 117 предмети. Приливот не е совладан само за 5 предмети. Од вкупно решените 827 предмети, потврдени се 46 или 80,71 %, укинати се 9 или 15,79 % и отфрлен 1 или 1,75 %.

**ПРЕДМЕТИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ САНКЦИИ**

Овој оддел 2022 година ја започнал со остаток на нерешени предмети од претходната 2021 година од 62 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 1.649 предмети, повторно во работа 0, погрешно заведени 3, па вкупно во работа биле 1.708 предмети, од кои биле решени 1619, а нерешени останале 89. Приливот не е совладан за 30 предмети.

**Состојба со стари предмети**

Судот 2022 година ја завршил со 60 стари нерешени предмети, од кои судски предмети се само 6, а останатите 54 се стари оставински предмети кај нотари.

**Човечки ресурси**

Во 2022 година во судот постапувале 5 судии, заедно со претседателот и еден времено упатен судија. Во судот нема конкретна поделба за постапување на судиите по една материја туку еден судија постапува по кривични предмети, еден по прекршочни предмети и извршување санкции, а претседателот и останатите двајца судии постапуваат по граѓански предмети и по прекршоци и како членови на Кривичен совет. Меѓутоа, во март 2023 еден судија оди во пензија, а истовремено му завршува мандатот и на делегираниот судија, па неопходно е повторно упатување на судија од друг суд, а подолгорочно и избор на нов судија, бидејќи судот има потреба од 5 судии. Во судот има 20 вработени на неопределено време, и 1 на определено, но нема ниту еден стручен соработник на неопределено време. Судот има најитна потреба од вработување на судски соработници и на уште 1 хигиеничар, 1 економ и 1 припадник на судска полиција.

**Просторни капацитети**

Зградата во која работи Основниот суд Неготино е во сосема добра состојба и просторно целосно ги задоволува потребите на судот, опремен е со нов мебел и поставен е ламинат и тоалетите се реновираат, обновена е надворешната фасада и ограда. Потребно е да се обнови опремата за тонско снимање и набавка на нов фотокопир, а набавен е нов сервер кој веќе е во функција и редовно се инсталираат сите надградби и нови верзии на АКМИС системот.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Неготино во тековната 2022 година се оценува како **ажурен суд** бидејќи го совладал приливот на предмети.

Предлог мерки:

Од изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Неготино во тековната 2022 година, покажал добри квалитативни и квантитативни резултати.

## ***АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Апелациониот суд Гостивар 2022 година ја започнал со остаток од нерешени предмети од претходната 2021 година од 663 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 3.654 предмети, погрешно заведени 0 предмети, предмети повторно во работа 1 или во работа биле вкупно 4.318 предмети, од кои биле решени 3.377, а нерешени останале 941 предмети. Приливот не е совладан.

**СУДСКА УПРАВА**

Судската управа 2022 година ја започнала без остаток од нерешени предмети од 2021 година. Во тековната 2022 година примени се 1.669 предмети, погрешно заведени 0, па вкупно во работа биле 1.669 предмети, од кои решени се сите 1.669 Приливот е совладан.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Од вкупно решените предмети 3.377, потврдени се 73 или 2,16 %, укинати се 16 или 0,47 %, а преиначени се 3 или 0,09 %.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

**Кривичен оддел**

Кривичниот оддел 2022 година ја започнал со остаток од нерешени предмети од претходната 2021 година од 181 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 1.468 предмети, погрешно заведени 0, повторно во работа 1, па вкупно во работа биле 1.650 предмети, од кои биле решени 1.419, а нерешени останале 231 предмети. Приливот не е совладан. Од вкупно решените 1.419 предмети, потврдени се 30 или 2,11%, укинати 4 или 0,28% и преиначени 0.

**Граѓански оддел**

Граѓанскиот оддел 2022 година ја започнал со остаток на нерешени предмети од претходната 2021 година од 482 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 2.186 предмети, погрешно заведени 0, предмети повторно во работа 0, па вкупно во работа биле 2.668 предмети, од кои биле решени 1.958, а нерешени останале 710 предмети. Приливот не е совладан. Од вкупно решените 1.958 предмети, потврдени се 43 или 7,18 %, укинати се 12 или 0,61 % и преиначени 3 или 0,15 %.

**Состојба со стари предмети**

Судот 2022 година ја *започнал со* 21 стари нерешени предмети и новопримени стари предмети 557 или вкупно во работа биле 578, од кои биле решени 410, а останале 168 нерешени стари предмети.

**Човечки ресурси**

Во текот на 2022 година, судиската функција ја извршуваат 11 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, односно 5 судии помалку од утврдениот број на судии, а во текот на 2023 година 1 судија оди во пензија, па потребно е пополнување на испразнетите судиски места. Во судот работат 33 судски службеници и 3 технички персонал. Судот нема судски администратор, во текот на оваа година на 5 вработени им престанал работниот однос, но реализирани се и 5 нови вработувања.

Меѓутоа, за да се постигне максимална ефикасност во работењето потребни се нови вработувања и пополнување на испразнетите судиски места.

**Просторни капацитети**

Апелациониот суд Гостивар просторно е добро опремен, со доволен број канцеларии, располага со информатичка технологија на завидно ниво, но има потреба од изградба на лифт, бидејќи просториите на судот се на 3- ти кат, како и реконструкција на судница која целосно не ги задоволува потребите на судот.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Апелациониот суд

Гостивар во тековната 2022 година се оценува како **неажурен суд.** Не го совладал приливот на предмети, но бил ефикасен и во тековната година се решени повеќе предмети од претходната година.

Предлог мерки:

Во наредниот период ќе треба да се обрне посебно внимание на побрзото решавање на старите предмети, како и совладување на приливот на нови предмети.

## ***ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2022 година на ниво на суд во работа биле вкупно 41507 предмети, од кои решени се 34675 предмети, додека 6832 се водат како нерешени.

**СУДСКА УПРАВА**

Вкупно во работа 762 предмети, решени 670 предмети, 2 предмети се водат како нерешени.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**- Граѓански оддел (област)**

Вкупно решени се 1797 предмети од кои: 271 односно 15.08% се потврдени, 97 односно 5.40 % укинати и 10 односно 0.56% преиначени.

**- Кривичен оддел (област)**

Вкупно решени се 8688 предмети, од кои 260 односно 2.99 % потврдени, 76 односно 0.87 % укинати и 68 односно 0.78 % преиначени.

**- Квалитет на работа по сите основи**

Вкупно решение предмети 10485 од кои: потврдени 531 односно 5,06 %, укинати 173 односно 1,65%, преиначени 78 односно 0.74%.

**Состојба со стари предмети**

Вкупно во работа биле 2065 стари нерешени предмети, од кои 701 се решени, остануваат нерешени 1364 предмети.

**Кратки констатации за човечки ресурси**

Во 2022 година судот имал 18 судии, еден судија е времено упатен во Основен суд Кичево од ноември 2022 година, 67 вработени во судската служба, 6 вработени согласно ЗРО, 5 судски полицајци од кои 4 судски службеници во 2022 година, заминале во пензија.

За оптимално постапување од страна на судската служба во Основен суд Гостивар во текот на 2022 година, требало да се реализираат повеќе вработувања, од испразнетите работни места, вкупно 29.

**Просторни капацитети**

Се укажува на несоодветни просторни услови. Дотраеност на Информатичката технологија односно компјутери, печатачи и скенери. Потребно е зголемување на безбедноста во судот, осовременување на видеонадзорот и опремување на три судници со тонско снимање.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Гостивар го совладал приливот и се оценува како **ажурен суд.**

Предлог мерки:

- Да се преземат мерки за пополнување на потребните работни места.
- Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот.

## ***ОСНОВЕН СУД ДЕБАР***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Од претходната 2021 година, во Основен суд Дебар останале нерешени вкупно 492 предмети. Во текот на 2022 година, Основниот суд Дебар успеал да го совлада приливот за предмети и да го намали остатокот на нерешени предмети за 82 предмети, бидејќи во 2022 година во работа биле вкупно 11.335 предмети, од кои решени се 10.926 предмети, а 410 се нерешени предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Нерешени предмети од претходната година се 1 предмет.

Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година, е 315, од кои решени се сите 315 предмети.

**Квалитет во работа на ниво на суд**

Решени предмети 1.010 од кои: 38 односно 3.66% потврдени, 15 односно 1.48% укинати и 3 односно 0.29% преиначени.

**Граѓански оддел**

Во работа биле вкупно 10.985 предмети од кои 10.575 се решени, 410 се нерешени.

**Квалитет на предмети**

Решени предмети 254 од кои: 22 односно 8.63% потврдени, 12 односно 4.72% укинати и 2 односно 0.78 % преиначени.

**Кривичен оддел**

Во работа биле вкупно 4.217 предмети, од кои 4.193 се решени, 24 не се решени.

**Квалитет на предмети**

Решени предмети 1.007 од кои: 16 односно 1.58 % потврдени, 3 односно 0.29% укинати и 1 односно 0.29 % преиначени.

**Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Дебар, состојбата со старите предмети е следна: вкупно стари предмети се 250 од кои 175 стари предмети пренесени од претходната година и 75 стари предмети регистрирани во текот на 2022 година. Решени биле 90 стари а останале нерешени 160 стари предмети.

**Човечки ресурси**

Во извештајниот период судската функција ја извршувале претседателот на судот и тројца судии, но од 01.03.2021 година, бидејќи претседателот на судот Илир Исени е именуван за заменик директор на Академијата на судии и јавни обвинители Скопје, а судиското место е ставено во мирување. Според одлука на Судски совет предвидени се 5 судии заедно со претседателот на судот, додека според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места се систематизирани 18 работни места, за кои се предвидени 52 извршители.

Потребно е 2023 година да се пополнат упразнетите работни места и тоа 1 Виш судски референт-архивар, 1 Референт за прием на експедиција и пошта и 1 извршител хигиеничар, 1 стручен соработник и 1 соработник толкувач.

**Просторни капацитети**

Во овој суд се применува АКМИС системот. Една судница е опремена за тонско снимање на рочиштата и истата се користи. Во однос на информатичката технологија е на задоволително ниво. Од страна на Советник информатичар, WEB страната на судот редовно се ажурира со податоци за работењето на судот, како и со сите потребни информации за странките. Во извештајната 2022 година на судската зграда е извршена реконструкција на кровот со претходна спроведена јавна набавка. На извршените градежни работи не е извршен технички прием, бидејќи надзорот констатирал дека има отстапување во изведените работи од тендерската документација и договорот за јавна набавки, па од тие причини не се платени паричните средства за таа надмена, за што е известен и Судски буџетски совет на РСМ.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Дебар во тековната 2022 година се оценува како **ажурен суд**, бидејќи успеал да го совлада приливот на предмети. Во почетокот на 2022 година, останале нерешени 492 предмет, а вкупно во работа биле 11.335 предмети, од кои решени се 10.926 предмети, додека 410 се водат како нерешени, па произлегува дека Основниот суд Дебар во тековната 2022 година, бил ажурен бидејќи успеал да го совлада приливот и да го намали остатокот на нерешени предмети за 82 предмети.

Предлог мерки:

- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работа, бидејќи е намален приливот и остатокот на нерешените предмети
- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места.
- Да се согледа можноста за техничко доопремување.

## ***ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Кичево, од претходната година останале нерешени вкупно 2.513 предмет, новопримени се 20.087 предмети, 286 предмети се повторно заведени, 2 предмети погрешно заведени или вкупно во работа биле 22.884 предмети. Во текот на извештајната година решени се 19.526 предмети, а 3.358 предмети останале нерешени.

**СУДСКА УПРАВА**

Во извештајниот период од предмети во Судска управа имало нерешен 1 ИЗЗ предмет, новопримени се вкупно 1.005 предмети, од кои: во уписникот СУ (СУ; СУ-1; СУ-2; СУ-3; СУ-4; СУ-5; СУ-6 и СУ-7) се примени 897 предмети и сите се решени, во уписникот ИЗЗ се примени 89 предмети и од вкупно во работа 90 предмети заедно со нерешениот 1 предмет на почетокот на извештајниот период, решени се 89 предмети, а останал нерешен 1 предмет, во усписник СУ-ДОВ и СУ-СТР-ДОВ новопримени 6 предмети и сите се решени и во уписник УПП новопримени се 13 предмети и сите се решени.

Кон извештајот за работа на Основниот суд Кичево, приложен е табеларен преглед на движење на предмети во судот кои не се опфатени со орентациона норма за 2022 година, согласно кои од кривичен оддел, граѓански оддел и од судска управа, останале нерешени 439 предмети, новопримени се 9.872 предмети, повторно заведени 4 предмети и од вкупно во работа 10.315 предмети решени се 9.798, а останале нерешени 517 предмети.

Исто така е приложен табеларен приказ на движење на предмети кои се опфатени со ориентациона норма за 2022 година, согласно кој од сите области останале нерешени 2.074 предмети, ново примени се 10.216 предмети, повторно заведени 281 предмет, погрешно заведени 2 предмети и од вкупно во работа од 12.569 предмети решение се 9.728 предмети, а останале нерешени 2.841 предмет.

**ОБЕМ НА РАБОТА НА СУДОТ**

Во однос на предмети кои се однесуваат на определени дејствија од претходна постапка и ОСК од вкупно во работа 91 предмет, завршени се 90 предмети.

Во однос на кривични предмети против полнолетни лица и КООА од вкупно во работа од 447 предмети, во извештајниот период се решени 354 предмети, а останале нерешени 93 предмети. Во извештајниот период споредено со претходниот период бројот на кривични предмети против полнолетни лица зголемен е за 45 предмети.

Од вкупно во работа од 26 кривични предмети против малолетни лица решени се 19 предмети, а останале нерешени 7 предмети.

Во однос на разни кривични предмети во кои спаѓаат кривични замолници, разни истражни дејствија и кривични предмети по разни уписници од вкупно во работа од 336 предмети, решени се 323, а останале нерешени 13 предмети.

Од вкупно во работа од 3.113 предмети прекршочни предмети, решени се 2.654 предмети, а останале нерешени 459 предмети.

Во однос на предмети за извршување санкции во извештајниот период од вкупно 4.444 предмети во работа, решени се 4.339 предмети, останале нерешени 105 предмети.

На ниво на кривичен оддел може да се констатира дека од вкупно во работа 8.457 предмети во извештајната година, решени се 7.779 предмети или 91,98%, а останале нерешени 754 предмети или 8,91%.

Во однос на предметите од граѓанска област од вкупно во работа 4.112 предмети, решени се 1.949 предмети, а останале за решавање уште 2.163 предмети.

Може да се констатира дека во овој оддел има зголемување на приливот на предметите од претходната година.

Во однос на предмети од вонпроцесна област од вкупно во работа 4.490 предмети, решени се 3.974 предмети, а останале нерешени 516 предмети.

**КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДОТ**

Според податоците од Основниот суд Кичево од вкупно решени 354 кривични предмети против полнолетни лица и КООА обжалени се 62 одлуки, а вратени предмети од второстепениот суд се 54 предмети од кои 33 предмети се потврдени, 12 укинати, 7 предмет преиначени и по 1 предмет е отфрлена жалбата.

Од овие податоци произлегува дека од второстепениот суд се вратени 53 предмети, а не наведениот број од 54 предмети.

Од вкупно решени 12 предмети против малолетни лица обжалени се 4 одлуки, а вратен е 1 предмет од второстепен суд и истиот е укинат.

Од вкупно 323 КС предмети, обжалени се 37 одлуки, а вратени предмети од второстепениот суд се 30, од кои потврдени се 28 предмети и 1 предмет преиначен.

Од вкупно решени 2.654 прекршочни предмети обжалени се 102 предмети, вратени од второстепениот суд 97 предмети, од нив потврдени се 80 предмети, укинати 10 предмети, 5 преиначени и жалбата е отфрлена во 2 предмети.

Што се однесува до податоците за процесните предмети од вкупно решени 1.675 предмети, обжалени се 797 предмети, а вратени од второстепениот суд 682 предмети, од кои потврдени се 512 предмети, укинати 89 предмети, 1 предмет е преиначен и делумно укинати се 68 предмети.

Од овие податоци произлегува дека од второстепениот суд се вратени 670 предмети, а не наведениот број од 682 предмети.

Од вкупно решени 274 вонпроцесни предмети обжалени се 35 предмети, а вратени од второстепениот суд 36 предмети, од кои 20 потврдени, 1 преиначен, 14 укинати и 1 предмет делумно укинат.

Од вкупно во работа 1.074 оставински предмети, 564 предмети се решени од страна на нотарите.

**Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Кичево на крајот од 2021 година останале нерешени 261 предмет од кои: 23 имотни предмети, 54 предмети од мала вредност, 7 вонпарнични предмети, 6 предмети за физичка делба, 2 КУИКП, 63 предмети од работни спорови, 17 облигациони предмети и 89 оставини. На почетокот на извештајниот период имало 86 стари предмети од претходната година (без оставини), ново примени се 233 предмети и од вкупно во работа од 319 предмети, решени се 147 предмети, а останале за решавање 172 предмети.

**Човечки ресурси**

По однос на човечките ресурси, во текот на извештајната година работеле 7 судии, вклучувајќи го и Претседателот на Судот, а од месец ноември 2022 година 8 судии, заедно со еден делегиран судија за период од 6 месеци и 45 лица административен персонал.

Во извештајниот период 3 лица од административниот персонал заминале во пензија. Од предвидените со систематизација 15 работни места за административен персонал дактилографи, пополнети биле 4 работни места, а во врска со барањето до Судски буџетски совет за одобрување за вработување на ваков кадар има реализирано едно вработување, иако биле одобрени две нови вработувања.

Во извештајниот период од предвидени две работни места судски советник пополнето е само едно место, а од предвидените 14 извршители за работни места стручни соработници пополнети се 6 места, од предвидените 14 работни места помлад судски соработник пополнети се 4.

**Просторни капацитети**

По однос на просторните услови за работа на овој суд, се укажува на потреба од воведување шалтерски систем, кое барање било доставувано до Судскиот буџетски совет од пред неколку години station наназад, но до сега не биле одобрени средства, а има потреба и од менување на канцелариското мебел во сите простории бидејќи постоечкиот е застарен и оштетен.  Пет простории од судската зграда користи Основното јавно обвинителство Кичево, па доколку се најде решение за ослободување на тие простории, состојбата со просторните услови за работа на Судот би се подобрила.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Од односот на бројот на примените предмети заедно со повторно заведените или вкупно новопримени предмети од 20.371 и бројот на решените предмети од 19.526 произлегува дека Основниот суд Кичево не го совладал приливот на предмети за 561 предмети, односно го зголемил заостатокот на нерешени предмети за 845 и се оценува како **неажурен суд**.

Предлог мерки:

- Предвид да Основниот суд во Кичево, со Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (Службен весник на РСМ број 96/2019) е определен како суд со проширена надлежност кој надлежноста од ставовите 1 и 2 на член 31 од Законот за судовите, ја врши и за подрачјето на Основниот суд Дебар, поаѓајќи од вкупниот број на предмети во работа и постоечкиот број на судии, ќе биде потребно Судскиот совет да ја испита можноста од зголемување на бројот на судиите, за да наведениот суд биде ажурен и во можност да го совлада приливот на нови предмети.

-Зајакнување на човечките ресурси со кадровско екипирање на судот со судски службеници од сите законски предвидени категории;

-Совладување на бројот на стари предмети поради зголемен број на предмети кои добиле статус на стари предмети во извештајниот период, со дополнителен агажман на судиите, со оглед да повеќе од половина од предметите со таков статус не се решени во извештајниот период.

-Континуирана едукација на судиите и вработените во судот;

***ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 2.381 предмети, а примил нови 59.448 предмети. Повторно во работа се земени 385 предмети, а погрешно се заведени 6 предмети. Оттука, во работа биле вкупно 62.208 предмети, од кои решени се 58.604 предмети, а нерешени останале 3.604 предмети. Приливот на предмети од тековната година не е совладан. Заостатокот е зголемен за 1.223 предмети, или за 51,78 % во однос на заостатокот од 2021 година.

Зголемување на бројот на нерешени предмети се должи на фактот што во текот на 2022 година на 8 судии им престана судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, додека 1 судија е избран за член на Судскиот совет на

Република Северна Македонија.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 1.611 предмет и сите се решени.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

Состојбата со предметното работење е следната:

***Кривичен оддел***

Од претходна година имало заостаток од 968 предмети. Примени со нови 31.341 предмети, 213 предмети се земени повторно во работа, а 4 предмети биле погрешно заведени. Вкупно во работа имало 32.518 предмети, од кои решени се 31.229 предмети, додека нерешени останале 1.289 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 321 предмети или за 33,16%.

***Граѓански оддел***

Од претходна година имало заостаток од 1.412 предмети. Примени се нови 26.459 предмети, 169 предмети се повторно земени во работа, а 2 предмети биле погрешно заведени. Вкупно во работа имало 28.038 предмети. Решени се 25.724 предмети, додека нерешени останале 2.314 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 902 предмет или за 63,88%.

**Состојба со стари предмети**

Доставениот Годишен извештај за работа на Основниот суд Тетово во 2022 година не содржи податоци за состојбата со стари предмети.

**Човечки ресурси**

Основниот суд Тетово 2022 година ја започнал со 146 вработени од кои 22 судии, 111 судски службеници и 12 помошно-технички персонал.

Во текот на 2022 година поради пензионирање работниот однос им престанал на 8 судии, 2 судски службеници и 2 вработени како помошно-технички персонал, додека на еден судски службеник му престанал работниот однос поради други причини.

Во текот на 2022 година се вработени 3 судски службеници на неопределено време, а времено ангажирани се 14 лица. По пат на интерен оглас унапредени се 10 судски службеници.

Потребно е да биде вработен уште еден извршител во Судската полиција.

**Просторни капацитети**

Инвестиционото одржување на судската зграда на Основен суд Тетово е во надлежност на Министерството за правда.

Овој суд, повторно укажува, дека се соочува со проблеми околу греењето (поради дотраеност на севкупната инсталација), како и одржувањето на подрумските простории кои не се реновирани.

Во изминатите години биле извршени неколку крупни инвестициски зафати, односно нова фасада, кровна конструкција и слично, а се инсталира и лифт. Меѓутоа, електричната мрежа во судот е дотраена и не одговара на потребите.

Судската зграда на Основниот суд Тетово ја користат и Основното јавно обвинителство Тетово, Државното правобранителство Тетово, како Службата за пробација, поради што судот се соочува со просторни и финансиски проблеми.

На влезот на судската зграда е поставен метал детектор и ренген детектор, кој во моментот е надвор од функција. Поставени се камери за видео надзор, а ПП апаратите редовно се сервисираат.

Предметите во Судот се чуваат во посебни шкафови (метални и дрвени) кои се со брави или пак со катанци, со што е овозможено безбедно чување на предметите.

Во Основниот суд Тетово во текот на 2021 година се реализирани 10 постапки за јавна набавка.

По однос на информатичката опрема активни се 125 работни единици - персонални компјутери кои се мрежно поврзани и имаат пристап до соодветните програмски апликации. Воедно, значителен дел од информатичката опрема е стара и

амортизирана, и потребна е целосна замена на мрежите. Притоа, предлог на ИКТ одделението е да се изврши замена на локални печатачи со мрежни. Четири од вкупно осум судници располагаат со опрема за тонско снимање, истите се функционални и во нив се врши аудио снимање.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Од аспект на предметното работење судот се оценува како **неажурен суд.** Не го совладал приливот на нови предмети и го зголемил заостатокот на нерешени предмети на крајот на годината. Ова се должи на фактот што во текот на 2022 година на 8 судии им престана судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, додека 1 судија е избран за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предлог мерки:

Во наредниот период потребно е да преземат напори под однос на прашањето за избор на нови судии и пополнување на работните места во судската служба.

Потребно е да се обезбедат соодветни просторни услови за работење.

Во наредниот периодот треба да се подобрат капацитетите на информатичката опрема на судот.

Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Од претходната 2021 година, во Апелациониот суд Битола останале нерешени вкупно 697 предмети.

Во текот на 2022 година, Апелациониот суд Битола успеал да го совлада приливот за предмети и да го намали остатокот на нерешени предмети за 66 предмети, бидејќи во 2022 година во работа биле вкупно 5.216 предмети, од кои решени се 4.585 предмети, а 631 предмети се нерешени предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Нерешени предмети од претходната година се 4 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година е 1.073, од кои решени се 1.072 предмети, а останале нерешени 1 предмети.

**Квалитет на предметите на ниво на суд**

Во текот на 2022 година, решени се 4.564 предмети. Од нив се потврдени 104 предмети, односно 2,28, укинати биле 24 предмети односно 0.52% и преиначени 7 предмети односно 0.15%.

**Предметно работење на ниво на оддел**

**Граѓански оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 558 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година, е 3.445, од кои решени се 2.934 предмети а останале нерешени се 511 предмети и на ниво граѓански оддел успеал да го совлада приливот на предмети и да го намали остатокот на нерешени предмети за 47 предмети.

**Кривичен оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 139 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година е 1771, од кои решени предмети се 1.651 а останале нерешени 120 предмети и на ниво кривичен оддел успеал да го совлада приливот на предмети и да го намали остатокот на нерешени предмети за 19 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на оддел**

**Граѓански оддел**

Од решените 2.920 предмети во текот на извештајната година, 172 предмети, односно 2,46 се потврдени, 12 предмет, односно 0,41 се укинати, а 7 предмети, односно 0,23% се преиначени.

**Кривични оддел**

Од решените 1.644 предмети, 32 предмети, односно 1.94% се потврдени, 12 предмети, односно 0,72 се укинати.

**Состојба со стари предмети**

Во Апелациониот суд Битола , состојбата со старите предмети е следна: вкупно стари предмети се 141 од кои 13 останале од претходната 2021 година, примени биле 128, решени биле 141 предмети, а останале 15 нерешени предмети.

**Човечки ресурси**

Во тековната 2022 година во Апелациониот суд Битола од предвидените 25 судиски места заедно со Претседателот на судот, постапувале 16 судии, бидејќи во јули 2022 година еден судија заминал во пензија.

Со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, предвидени се вкупно 116, а заклучно со 31.12.2022 година, пополнети се 47 работни места.

Со годишниот план за вработување за 2022 година биле одобрени средства за 3 вработувања за судски службеници, било одобрено унапредување на 4 судски службеници и вработување на 4 судски службеници на определено време.

**Просторни капацитети**

Се уште стои потребата од реновирање на судските канцеларии, набавка на инвентар, санирање на санитарните чворови.

Изминатата 2022 година во зградата сеуште е сместено Вишото јавно обвинителство, кое користи дел од просториите на вториот кат.

Зградата во која работи судот е реновирана и е во добра состојба. Сите простории се опремени со мебел и клима уреди, реновирани се и архивите во кои се сместени метална плакари.

Информатичка опрема со која располага судот ги задоволува потребите на судот и овозможува целосна примена на Судскиот деловник во однос на скенирањето на поднесоците и формирање на електронско досие на предметот.

Сите судии и стручни судски службеници и дел од судските службеници имаат пристап до интернет.

Целокупната евиденција и сите извештаи се водат и се креира единство преку АКМИС системот.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Апелациониот суд Битола во тековната 2022 година се оценува како **ажурен суд**, бидејќи успеал да го совлада приливот за 66 предмети. Во почетокот на 2022 година, останале нерешени 597 предмети, а вкупно во работа биле 5.216 предмети, од кои решени се 4585 предмети, додека 631 се водат како нерешени, па произлегува дека Апелациониот суд Битола во тековната 2022 година, бил ажурен бидејќи успеал да го совлада приливот и да го намали остатокот на нерешени предмети за 66 предмети.

Предлог мерки:

- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работа бидејќи е намален приливот и остатокот на нерешените и на старите предмети
- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места.
- Да се согледа можноста за техничко доопремување.

## ***ОСНОВЕН СУД БИТОЛА***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Основниот суд Битола 2022 година ја започнал со остаток од незавршени предмети од претходната 2021 година од 4.611 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 30.318 предмети, погрешно заведени 6 предмети, предмети повторно во работа 357 или во работа биле вкупно 35.280 предмети, од кои биле решени 30.169, а нерешени останале 5.111 предмети. Приливот не е совладан.

**СУДСКА УПРАВА**

Судската управа 2022 година ја започнала со остаток од претходната 2021 година од 15 предмети. Во тековната 2022 година примени се 1.709 предмети, погрешно заведени 0, па вкупно во работа биле 1.724 предмети, од кои решени се 1.721, а нерешени останале 3 предмети. Приливот е совладан.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Од вкупно решените предмети 30.169 потврдени се 838 или 2,78 %, укинати се 268 или 0,89 %, а преиначени 114 или 0,38 %.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

**КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**

Кривичниот оддел 2022 година ја започнал со остаток од незавршени предмети од претходната 2021 година од 2.278 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 21.433 предмети, погрешно заведени 3, предмети повторно во работа 169, па вкупно во работа биле 23.877 предмети, од кои биле решени 21.167, а нерешени останале 2710 предмети. Приливот не е совладан. Од вкупно решените 21.167 предмети, потврдени се 368 или 1,74%, укинати 117 или 0,55% и преиначени 49 или 0,23 %.

**ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

Граѓанскиот оддел 2022 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2021 година од 2.318 предмети. Во тековната 2022 година примени се нови 7.176 предмети, погрешно се заведени 3, предмети повторно во работа 188, па вкупно во работа биле 9.679 предмети, од кои биле решени 7.281, а нерешени останале 2.398 предмети. Приливот не е совладан. Од вкупно решени 7.281 предмети, потврдени се 470 или 6,46 %, укинати се 151 или 2,07% и преиначени 65 или 0,89%.

**Состојба со стари предмети**

Судот 2022 година ја *започнал со* 118 стари нерешени предмети и 97 оставински предмети кај нотари, а на крајот на 2022 бројот на нерешените стари предмети се зголемил и сега има 127.

**Човечки ресурси**

Во текот на 2022 година судот работел со 75 извршители вработени на неопределено од кои 1 судски администратор, 1 раководител на одделението за информатика, 1 советник информатичар, стручен кадар 9, 5 самостојни референти, 8 виши референти, 20 судски референти, 18 помлади референти, 1 возач, 1 архивар, 1 возач, 6 полицајци, 1 хаус мајстор, 1 телефонист, 3 хигиеничари и уште 23 лица вработени на определено од различен кадар, што делумно одговара на обемот на работа на судот. Судот има потреба од вработување на извршители на определено време.

**Просторни капацитети**

Основниот суд Битола е добро просторно опремен, со доволен број канцеларии, судници и писарници, а располага и со информатичка технологија на завидно ниво, со нови 60 компјутери, печатари и скенери, но со надградба на АКМИС системот се јавува потреба од набавка на нови компјутери.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Битола во

тековната 2022 година се оценува како **неажурен суд.** Не го совладал приливот, но бил ефикасен бидејќи со помал број судии и вработени решил повеќе предмети од претходната 2021 година.

Предлог мерки:

Во наредниот период ќе треба да се обрне посебно внимание на решавањето на старите предмети, како и на совладување на приливот на нови предмети.

## ***ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2022 година на ниво на суд во работа биле вкупно 2480 предмети, од кои решени се 2077 предмети, додека 403 се водат како нерешени.

**СУДСКА УПРАВА**

Вкупно во работа 492 предмети, решени 472 предмети, 20 нерешен предмет.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**Граѓански оддел (област)**

Решени се 179 предмети, од кои: 1 односно 0,56% се потврдени, 0 односно 0 % укинати, 0 односно 0% преиначени.

**Кривичен оддел (област)**

Решени се 264 предмети, од кои: 6 односно 2,27 % потврдени, 1 односно 0,38 % укинати и 1 односно 0,38 % преиначени.

**Квалитет на работа по сите основи**

Вкупно решени 443 од кои: потврдени 7 односно 1,58 %, укинати 1 односно 0,23%, преиначени 1 односно 0,23%.

**Состојба со стари предмети**

Во 2022 година, вкупно останале нерешени 2 стари предмети, примени во судот во 2020 година.

**Кратки констатации за човечки ресурси**

Во 2022 година судот имал 2 судии, заклучно со септември. Од месец октомври само еден судија кој е и ВД претседател на судот. Судот има 14 вработени како технички персонал, а согласно систематизацијата се предвидени 26 работни места, без судите. Во извештајот на Судот е дадена листа на приоритетни вработувања.

**Просторни капацитети**

Во однос на просторните и останати технички капацитети се нотира дотраена судска зграда и потребата од нејзина санација, додека во однос на техничкото опремување не се наведени посебни забелешки.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Крушево не го совладал приливот и се оценува како **неажурен суд.**

Предлог мерки:

- Да се преземат мерки за пополнување испразнетите места.
- Да се преземат активности за зголемување на ажурноста на судот.

## ***ОСНОВЕН СУД ОХРИД***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Од претходната 2021 година, во Основен суд Охрид останале незавршени вкупно 4.375 предмети. Во текот на 2022 година, во Основен суд Охрид се оформени и примени во работа 17.552 нови предмети, погрешно заведени предмети биле 11 предмети, во работа биле вкупно 21.916 предмети, решени биле 16.363 предмети, а нерешени предмети останале 5.553.

**СУДСКА УПРАВА**

Нерешени предмети од претходната година биле 19 предмети

Вкупниот број на новопримени предмети бил 597.

Вкупниот број на предмети во работа бил 616.

Вкупниот број на решени предмети бил 597.

Нерешени на крајот останале 19 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Во текот на 2022 година, во судот биле решени 6.185 предмети за кои е дозволен правен лек.

Обжалени биле 1.261/1.269 предмети, од кои 874 потврдени, односно 68,9%, 247 предмети, односно 19,5% биле укинати, 88 предмети, односно 6,9% биле преиначени, 33 предмети, односно 2,6% биле делумно укинати, а 22 предмети, односно 1,7% биле отфрлени и 5 предмет, односно 0,4 % друго.

**Предметно работење на ниво на оддел**

**Кривичен оддел**

Нерешени предмети од претходната година биле 1.502 предмети

Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2022 година бил 11.732, вкупниот број на погрешно заведени предмети бил 7.

Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година, бил 13.227.

Вкупниот број на решени предмети бил 10.713.

Нерешени на крајот на 2022 останале 2.514 предмети.

**Граѓански оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 2.854 предмети

Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2022 година бил 5.223, вкупниот број на погрешно заведени предмети бил 4.

Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година бил 8.073.

Вкупниот број на решени предмети бил 5.053.

Нерешени на крајот на 2022 останале 3.020 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на оддел**

**Кривичен оддел**

Во текот на 2022 година, во одделот биле решени 2.643 предмети за кои е дозволен правен лек.

Обжалени се 334/372 предмети, од кои 240 предмети, односно 64,6% биле потврдени, 81 предмет, односно 21,8% биле укинати, 32 предмети, односно 8,6% биле преиначени, 1 предмет, односно 0,2% делумно укинат, а 17 предмети, односно 4,6% отфрлени и 1 предмет, односно 0,2% е друго.

**Граѓански оддел**

Во текот на 2022 година, во одделот биле решени 3.542 предмети за кои е дозволен правен лек.

Обжалени биле 927/897 предмети, од кои 634 предмети, односно 70,7% биле потврдени, 166 предмети, односно 18,5% биле укинати, 56 предмети, односно 6,2% биле преиначени, 32 предмети, односно 3,6% биле делумно укинати, а 5 предмети, односно 0,6% биле отфрлени, а 4 предмети, односно 0,4 биле друго.

**Состојба со стари нерешени предмети**

Во Основниот суд Охрид има вкупно 1164 стари нерешени предмети, заклучно со 2020 година, од кои 834 стари предмети се оставински предмети кои се во работа кај нотари:

-спорови од мала вредност 30 предмети,
-имотни спорови 52,
-трговски спорови 7,
-стечајни 1,
-кривични према полнолетни 68 предмети,
-прекршочни 31,
-ВПП предмети 69,
-оставински 834 (во работа кај нотари),
-платни налози по приговор 1,
-КУИКП 9,
-Работни спорови 6,
-Облигациони спорови 39,
-Семејни спорови 3,
-Предмети за навреда и клевета 1,
-КПП 5,
-ИКП 1,
-ИОИП 1
-ИПРК 4
-КНЗД 1
-КООА 1

По години структурата на стари нерешени предмети е следна: од 2009 год. 1, од 2011 год. 1, од 2013 год. 1, од 2014 год. 16 , од 2015 год. 4 , од 2016 год. 5 , од 2017 год. 186, од 2018 год. 264, од 2019 год. 284 и од 2020 год. 402 стари нерешени предмети.

**Чловечки ресурси**

Основниот суд Охрид 2022 година ја заврши со вкупно 73 вработени од кои 12 судии при што 1 судија со половина работно време и претседателот на судот. Вкупниот број на судии по систематизација треба да биде 18 судии. Вкупно вработени во судската служба се 60.

Како најприоритетни вработувања во судот кои треба да се пополнат, се следните работни места: Раководни судски службеници - 1 извршител, стручни-судски службеници 5 извршители, Информатичар - 1 извршител, судски службеници за во судски писарници – 4 извршители, Дактилографи 2 – извршители, оператор на телефонска централа 1- извршител и технички секретар на претседателот 1 извршител.

**Информатички технологии**

Во судот има вкупно 72 компјутери, кои според карактеристиките и старосната состојба голем дел од нив не ги исполнуваат основните барања за ефикасно и брзо извршување на работните задачи на вработените. Поради тоа потребна е замена на дотраените компјутери со минимум 10 нови компјутери и 10 печатари. Како дел од групната јавна набавка обезбеден бил нов сервер. Се смета дека со набавка на нови компјутери ќе има потреба од дополнителни свичеви, бидејќи староста на постоечките е алармантна, поради што е потребно да се заменат со нови.

Во 4 судници е воведено тонско снимање на граѓански предмети преку FEMIDA апликацијата, но потребно е да се обезбеди хардверска поддршка за опремата за тонско снимање, како и прилагодување на софтверот за тонско снимање за поновите платформи.

**Опременост на судот**

Судот располага со 4 службени возила од кои само едно е целосно функционално.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Охрид не го совладал приливот и се оценува како **неажурен суд.**
Предлог мерки:
Потребно е да се пополнат судиските места и административно-стручниот кадар.

Претседателот на Основниот суд Охрид да постапи во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и на тој начин да се реши прашањето со нефункционалните службени возила.

## *ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП*

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Основниот суд Прилеп, 2022 година ја започнал со заостаток од 3 659 нерешени предмети од претходната година. Во текот на 2022 година во судот се примени нови 13 846 предмети по сите основи и заедно со остатокот на предмети од претходната година и 1 погрешно заведен предмет, во судот биле вкупно во работа 17 504 предмети. Во текот на годината решени се 12 309 предмети, останале нерешени 5 195 предмети.

Во 2022 година, Основниот суд во Прилеп од вкупниот број на 17 504 предмети во работа имал 9 413 предмети од кривична област, а 8 091 предмети од граѓанска област. Од нив, поодделно по вид на предмети, од вкупниот број предмети во работа, 3 098 предмети отпаѓаат на судските предмети за извршување на санкции (издржување казна затвор, прекин на издржување на казна, извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал, извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал), 1 844 се судски предмети од кривичната област (К полнолетни, К малолетни, дејствија во претходна постапка и оценка на обвинителен акт), 9 413 прекршочни предмети, 5 432 се ВПП предмети, а 8 091 се граѓански процесни предмети и 96 предмети отпаѓаат на судските предмети за извршување (противизвршување, приговори против неправилности при извршување и издавање на дозволи).

На крајот на 2022 година нерешени останале 558 предмети за извршување на санкции (издржување казна затвор, прекин на издржување на казна, извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал, извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал), 664 се судски предмети од кривичната област (К полнолетни, К малолетни, дејствија во претходна постапка и оценка на обвинителен акт), 2 399 прекршочни предмети, 483 се ВПП предмети, а 1 086 се граѓански процесни предмети и 5 предмети отпаѓаат на судските предмети за извршување (противизвршување, приговори против неправилности при извршување и издавање на дозволи).

**СУДСКА УПРАВА**

Во 2022 година од страна на судската управа постапувано е по предмети заведени во соодветни уписници и тоа по вкупно 347 предмети од кои 298 биле решени во текот на извештајната година, а 45 останале нерешени.

По основ на различни известувања во судската управа пристигнале 221 предмети од кои 193 биле решени, а 28 останале нерешени. Понатаму во СУ-ИЗЗ уписник биле евидентирани 94 предмети и сите биле решени, во уписникот за евиденција на претставки и поплаки заведени биле 1 нерешен предмет од претходната година и 7 претставки од кои 1 останала нерешена. Поднесени биле 8 нови барања за слободен пристап до информации, а 12 биле затекнати од претходната година. 4 барања за слободен пристап до информации биле решени а 16 останале нерешени.

Во текот на 2022 година Основниот суд Прилеп, согласно планот за јавни набавки, објавил и спровел јавни набавки за масло за греење за грејната сезона 2022/2023 година, тонери, канцелариски материјал, електрична енергија и за гориво за службеното возило. Преку централизирани набавки спроведени од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Врховниот суд, извршена била и набавка на услуги за фиксна, мобилна телефонија и интернет.

Судот има своја Канцеларија за односи со јавност. На веб страницата на судот редовни се објавувале правосилни одлуки согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите, па во текот на 2022 година се објавени 801 одлуки. Судот овозможил волонтерска практика на студенти и дипломирани правници

и магистранти. На барање на основните и средни училишта од градот се одржувале и повремени средби со цел запознавање на учениците и студентите со надлежноста на судот, неговата организациона поставеност и воопшто со работата на судот.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

**Работа по оддели**

Основниот суд Прилеп е суд со проширена надлежност и тој работите ги извршува преку Кривичен оддел и Граѓански оддел. Во извештајната 2022 година состојбата на предметното работење по оддели е следна:

По однос на вкупно решените предмети, податоците укажуваат дека во 2022 година во Основен суд Прилеп вкупно се решени 12 611 судски предмети од кои 5 792 во кривичниот оддел на судот, а 6 517 судски предмети во граѓанскиот оддел на судот.

Анализата по видови на предмети покажува дека во текот на 2022 година решени се: 2 540 предмети отпаѓаат на судските предмети за извршување на санкции, 1 180 се судски предмети од кривичната област, 5 792 прекршочни предмети, 4 949 се ВПП предмети, а 6 517 се граѓански процесни предмети и 91 предмети отпаѓаат на судските предмети за извршување.

По однос на вкупно нерешените предмети, изложените податоци укажуваат дека нерешени предмети на 31.12.2022 во Основен суд Прилеп се вкупно 5 240 судски предмети од кои 3 621 во кривичниот оддел на судот, а 1 574 судски предмети во граѓанскиот оддел на судот.

**Во кривичниот оддел,** од претходната година имало заостаток од 2 286 судски предмети од кривична област со кои започнала извештајната година. Пооделно по вид на предмети, од вкупниот број на нерешени предмети на почетокот на годината, 439 судски предмети отпаѓаат на судските предмети за извршување на санкции, 572 се судски предмети од кривичната област, 2 286 прекршочни предмети. Новопримени предмети во 2022 година од кривичната област се 7 127 судски предмети. Пооделно по вид на предмети, од вкупниот број на новопримени предмети, 2 659 предмети отпаѓаат на судските предмети за извршување на санкции, 1 272 се судски предмети од кривичната област, 3 196 прекршочни предмети.

По однос на вкупно решените предмети, податоците укажуваат дека во 2022 година во Основен суд Прилеп вкупно се решени 12 611 судски предмети од кои 5 792 во кривичниот оддел на судот, а 6 517 судски предмети во граѓанскиот оддел на судот.

Судот во извештајната година во кривичниот оддел во работа имал вкупно 9 413 предмети од кои решил 5 792 предмети а останале нерешени 3 621 предмети, односно кривичниот оддел успеал да заврши 61,53 % од вкупниот број на предмети во работа во овој оддел, а останале незавршени 38,47 % од вкупниот број на предмети кои биле во работа.

**Во граѓанскиот оддел,** на почетокот на 2022 година, пренесени се како нерешени од предходната година 1 373 судски предмети од граѓанска област, односно пооделно по вид на предмети, од вкупниот број на нерешени предмети на почетокот на годината, 512 се ВПП предмети, а 854 се граѓански процесни предмети и 7 предмети отпаѓаат на судските предмети за извршување.

Новопримени предмети во 2022 година се вкупно 6 719 судски предмети од граѓанска област односно Основниот суд Прилеп во работа имал вкупно 8 091 предмети од граѓанската област. Од нив, 4 921 се ВПП предмети, а 1 709 се граѓански процесни предмети и 89 предмети отпаѓаат на судските предмети за извршување.

Судот во извештајната година во граѓанскиот оддел од вкупно 8092 предмети решил 6517 предмети а останале нерешени 1574 предмети, односно граѓанскиот оддел успеал да заврши 80,54 % од вкупниот број на предмети во работа во овој оддел, а останале незавршени 19,46 % од вкупниот број на предмети кои биле во работа.

**Квалитетот во работата по оддели**

Состојбата со квалитетот на донесените одлуки е прикажана во соодност со вкупно решените предмети.

На ниво на Основниот суд Прилеп, од вкупно решени 12 611 предмети потврдени се 335 предмети или 2.65%, укинати се 113 или 0,89%, преиначени се 100 предмети или 0,79%, делумно се укинати 17 или 0,13% предмети и отфрлени се 2 или 0.01% предмети.

**Во кривичниот оддел** од вкупно решените 6 179 предмети, потврдени се 90 предмети или 16,02 %, укинати се 30 предмети или 5,73 % , преиначени се 24 предмети или 5,16 % и отфрлени се 14 или 0,42%.

**Во граѓанскиот оддел** од вкупно решени 6 517 предмети, потврдени се 286 предмети или 4,3 %, укинати се 66 предмети или 1,01 %, преиначени се 66 предмети или 1,01 % и делумно се укинати 13 или 0,19 %.

Овие проценти водат кон заклучок дека судот во извештајната година имал висок квалитет на завршени предмети.

**Состојба со стари предмети**

На крајот на извештајната 2022 година, состојбата со стари незавршени предмети според годината на прием во Основниот суд Прилеп е следната:

Стари нерешени вкупно се 135 и од нив 2 од 2016 година, 5 од 2017 година, 16 од 2018 година, 48 од 2019 година и 64 од 2020 година. КЖ - незавршени останале 15 предмети и 2 предмети ПРКЖ.

**Човечки ресурси**

Во текот на 2002 година во Основниот суд во Прилеп, се пензионираа 5-мина судии, па на крајот од годината останаа да работат тројца судии во граѓанскиот оддел и двајца судии во кривичниот оддел.

Во Основниот суд во Прилеп Судскиот администратор раководи со судската служба и е одговорен за остварувањето и вршењето на стручните и административно-техничките работи на судот. Во Основен суд Прилеп пополнети се работните места Раководител на одделение за информатика и Раководител на граѓански оддел кои се предвидени со Законот за судска служба и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

Бројот на стручни судски службеници во судот изнесува 13 од кои тројца судски советници и 10 судски соработници. Бројот на вработени судски референти во Основниот суд во Прилеп изнесува 20 на неопределено работно време и еден на определено, 13 судски службеници со звање помлад судски референт, петмина виши судски референти и самостојни судски референти 7 на неопределено работно време и еден на определено работно време. Од 2011 година и покрај повеќекратно поднесените барања, Основен суд Прилеп нема постојано вработен судски референт-книговодител, иако согласно позитивните законски одредби, секоја државна институција неопходно е да има ваков тип на кадар.

**Просторни капацитети**

Основниот суд во Прилеп располага со технички персонал чија што бројка изнесува седум-телефонска централа, одржувач на парен котел-хаусмајстор, 4 хигиеничари и еден шофер. Заштитата на судскиот објект и имотот на судот, како и одржувањето на редот во судската зграда ја вршат шестмина судски полицајци.

Во текот на 2022 година, вработените во судот најчесто ги посетуваа обуките организирани од страна на Академијата за обука на суди и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје, преку апликацијата ZOOM, а во помал дел беа присутни на обуките одржани со физичко присуство.

Судот располага со доволен број на компјутерска опрема за судските службеници. Со капитални инвестиции, дел од компјутерската опрема се смени со нова, меѓутоа во еден дел истата квалитативно е во лоша состојба пред се заради својата дотраеност, а особено е алармантна состојбата со принтери. Во барањата за капитални инвестиции, Основен суд Прилеп континуирано истакнува барања за обнова на делот од дотраената информатичка опрема.

Во текот на 2022 година од страна на судската управа се исполнети сите законски обврски околу редовната контрола и одржување на опремата и инсталациите во судот - противпожарниот систем и апарати, хидратанска мрежа, системот за видео надзор во

судот. Истовремено и судската зграда и опремата во судот беа опфатени со систем за осигурителни услуги од нивно оштетување.

За подобрување на безбедносната состојба на вработените и странките, Основен суд Прилеп има потреба од обнова и осовременување на опремата за видео надзор во судската зграда која е веќе застарена, а во дел и нефункционална.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Прилеп извештајната 2022 година се оценува како **неажурен суд** бидејќи не го совладал приливот за 1 537 предмети, и го зголемил остатокот за 1536 предмети. Од податоците наведени во овој извештај, мора да се спомене дека во Основниот суд во Прилеп, поради пензионирање на 5-мина судии, во извештајниот период работеле тројца судии во граѓанскиот оддел и двајца судии во кривичниот оддел. Поради тоа, доведена е во прашање ажурноста и квалитетот на сработените предмети, како и можноста од голем број на застарени предмети. Освен тоа евидентно е дека и судењата се закажуваат и одлагаат по 5 и повеќе месеци, поради што постои опасност од застареност на огромен број на кривични и прекршочни предмети.

За настаната ситуација во Основен суд Прилеп, повеќе пати, писмено и усно е бил известен Судскиот совет, при што е побарано во Основниот суд во Прилеп да бидат делегирани еден или двајца судии во кривичниот оддел за да се спречи застарувањето на кривичните предмети, како и да се совлада тековниот прилив на предмети.

## ***ОСНОВЕН СУД РЕСЕН***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2022 година на ниво на суд во работа биле вкупно 4956 предмети, од кои решени се 4470 предмети, додека 486 се водат како нерешени.

**СУДСКА УПРАВА**

Вкупно во работа 857 предмети, решени 854 предмети, 3 нерешени предмети.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**Граѓански оддел (област)**

Квалитет во работата. Решени 29 предмети, од кои: 22 односно 75,86% се потврдени, 5 односно 17,24 % укинати, 2 односно 6,90 % преиначени.

**Кривичен оддел (област)**

Квалитет во работата. Решени 66, од кои: 47 односно 72,30 % потврдени, 9 односно 13,85 % укинати и 9 односно 13,85 % преиначени.

**Квалитет на работа по сите основи**

Вкупно решени 95 предмети од кои: потврдени 69 односно 73,40 %, укинати 14 односно 14,90, преиначени 11 односно 11,70%.

**Состојба со стари предмети**

Во работа во текот на 2022 година биле 74 предмети додека 28 во 2021 година односно вкупно 102 нерешени предмети, од кои 44 се решени, остануваат нерешени 58.

**Човечки ресурси**

Во 2022 година судот имал 3 судии, 3 судски соработници до 26.03.2022 година, а потоа 2 судски сораблотници,1 помлад судски соработник, 4 референти во писарница, 1 преведувач, 3 дактилографи, 1 информатичар, 1 економ кој работи и како возач, 1 хаусмајстор, 1 доставувач, 4 судски полицајци и 1 хигиеничар.

Во текот на 2022 година не било пополнето едно испразнето судиско место и не биле реализирани нови вработувања.

**Просторни капацитети**

Не се наведени забелешки за просторните услови, притоа се укажува на потребата од доопремување на судот во поглед на информатичката и друга технологија.

Повеќе години не работи детекторот за врата на судот.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Ресен го совладал приливот на предмети, а остатокот е намален поради што се оценува како **ажурен суд**.

Предлог мерки:

- Да се преземат мерки за пополнување испразнетото судиско место.
- Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот.
- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење.

## *ОСНОВЕН СУД СТРУГА*

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 3.597 предмети. Во работа примил 17.395 нови предмети и со 188 предмети повторно земени во работа, како и 14 предмети погрешно заведени, вкупно во работа имал 21.166 предмети. Од тие решил 16.310 предмети и нерешени останале 4.856 предмети. Приливот на предмети не е совладан и заостатокот е зголемен за 1.259 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 2.048 предмети и сите предмети се решени.

Судската управа е раководена од Претседател на судот Ифет Бајрамоски.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

Состојбата со предметното работење е следната:

**Кривичен оддел**

Од претходна година имало заостаток од 2.023 предмети. Примени со нови 9.160 предмети и со 86 предмети земени повторно во работа, како и 12 предмети погрешно заведени, вкупно во работа имало 11.257 предмети. Од тоа решени се 8.126 предмети и незавршени останале 3.131 предмет. Заостатокот на предмети е зголемен за 1.108 предмети. Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 8.126 предмети, обжалени се 238 предмети. Од обжалените предмети 147 предмети или 61,76% се потврдени, 74 предмети или 31,09% се укинати и 17 предмети или 7,15% се преиначени.

**Граѓански оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1.574 предмети. Примени со нови 6.187 предмети и со 102 предмети земени повторно во работа, како и 2 предмети погрешно заведени, вкупно во работа имало 7.861 предмет. Од тоа решени се 6.136 предмети и незавршени останале 1.725 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 151 предмет.

Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 6.138 предмети обжалени се 285 предмети. Од обжалените предмети, 205 предмети или 71,93% се потврдени, 73 предмети или 25,62% се укинати и 7 предмети или 2,45%, се преиначени.

**Состојба со стари предмети**

На почетокот на 2022 година Основен суд Струга имал 92 постари предмети од 2 години во работа. На крајот на 2022 година во работа останале 134 стари предмети, што значи дека бројката е зголемена за 42 предмети.

**Човечки ресурси**

Според систематизацијата во Основен суд Струга треба да бидат распоредени 15 судии, но во текот извештајната 2022 година судската функција ја извршува 6 судии заедно со Претседателот на судот. Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струга, предвидени се 120 работни места од кои пополнети се 49.

**Просторни капацитети**

Зградата на судот е релативно нова и истата е доградена и реновирана, снабдена е со нов мебел за сите простории. Опремени се две судници со опрема за тонско снимање, се барало средства за опремување на уште две простории за аудио-видео снимање согласно новиот Закон за кривичната постапка.
Состојбата со информатичката опрема ги задоволува потребите на судот.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Од аспект на предметното работење Основниот суд Струга се оценува како **неажурен суд**. Приливот на предмети не го совладал, а заостатокот го зголемил за 1.259 предмети. Квалитетот во работата се одликува и со висок процент на необжалени одлуки и квалитетно работење во однос на вкупно решените предмети.
Просторните услови и состојбата со информатичка и безбедносна опрема задоволува.

Предлог мерки:

Во наредниот периодот треба да се подобрат капацитетите на информатичката опрема на судот и да се подобри кадровската состојба од судии, судска администрација и судска полиција.

Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## ***АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Апелациониот суд Штип, во 2022 година примил во работа вкупно 2648 нови предмети, па заедно со нерешените 452 предмет од претходната 2021 година, вкупно во работа биле 3100 предмети. Од 3100 предмети во работа во 2022 година решени се 2292 предмети, а нерешени останале 808 предмети. Приливот на нерешени предмети во 2022 година Апелациониот суд Штип не го совладал бидејќи заостатокот на нерешени предмети е зголемен за 356 предмети (споредено со 2021 година кога останале нерешени 452 предмет, во 2022 година останале нерешени 808 предмети) и покрај тоа што бројот на нови предмети е намален во 2022 година за 175 предмети. Имено во 2021 година имало 2823 новопримени предмети, а во 2022 година се примени 2648 нови предмети. Од напред наведените статистички податоци може да се заклучи дека Апелациониот суд Штип, 2022 година ја завршил како неажурен суд.

**СУДСКА УПРАВА**

Во 2022 година од страна на судската управа постапувано е по предмети заведени во соодветни уписници и тоа по вкупно 1 983 предмети и сите биле решени во текот на извештајната година.

По основ на различни известувања во судската управа пристигнале 1340 предмети, понатаму во доверлив уписник биле евидентирани 5 предмети, во уписникот за евиденција на претставки и поплаки заведени биле 66 претставка, 567 барања за изземање на судии и претседателот и 5 барања за слободен пристап до инфорации.

Во текот на 2022 година, по одобрените средства од страна на Судскиот Буџетски Совет на РСМ, од страна на Апелациониот суд Штип, изготвен е годишен план за јавни набавки според кој биле предвидени и спроведени 3 јавни набавки.

Во текот на годината, претседателот на АС Штип заедно со судии од двата оддели по претходно подготвен распоред, извршиле посета на сите основни судови од апелационото подрачје на овој суд за што биле изготвени и посебни извештаи во кои се констатирани состојбите со управувањето и движењето на предметите во овие судови, просторните и кадровските услови за работа, како и информатичките потреби на судовите и судиите.

Преку канцеларијата за односи со јавноста, овој суд во 2022 година примил 1005 писмени поднесоци. Примени биле 5 барања за информации од јавен карактер од кои 3

биле уважени и дадена била бараната информација, а 2 биле одбиени бидејќи оценето било дека бараната информација не е информација од јавен карактер.

Покрај тоа, на веб страната на судот редовно се објавувале и информации за јавноста, месечни и периодични извештаи за работата на судот, соопштенија, огласи, билтени. Во извештајната година објавени биле 2035 одлуки.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

**Работа по оддели**

Апелациониот суд во Штип е основан за подрачјето на основните судови Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип. Работата на Апелациониот суд Штип е организирана во два оддели, односно Кривичен оддел и Граѓански оддел. Во извештајната 2022 година состојбата по предметното работење по оддели е следна:

**Во кривичниот оддел,** од претходната година имало заостаток од 29 второстепени кривични и прекршочни предмети заведени како КЖ, 5 второстепени прекршочни предмети ПРКЖ или вкупно 34 нерешени предмети од предходната година со кои започнала извештајната година. Понатаму 52 КЖ предмети биле повторно во работа заведени како второстепени кривични предмети, 18 второстепени прекршочни предмети ПРКЖ и 8 КСЖ во уписник за второстепен кривичен совет или вкупно 78 предмети биле повторно во работа пред Апелациониот суд во кривичен оддел. Примени се нови 387 второстепени кривични и прекршочни предмети заведени како КЖ, 8 предмети за второстепени кривични и прекршочни предмети во постапка против малолетници КЖМ, 172 предмети за второстепен кривичен совет КСЖ, 408 предмети второстепени прекршочни предмети ПРКЖ и 37 предмети заведени во уписник како разни кривични предмети.

Судот во извештајната година во кривичниот оддел вкупно во работа имал 1124 предмети од кои решил 1036 предмети а останале нерешени 88 предмети, односно кривичниот оддел успеал да заврши 92,3 % од вкупниот број на предмети, а во работа останале вкупно 7,7% од вкупниот број на предмети.

**Во граѓанскиот оддел,** од претходната година имало заостаток од 279 второстепени граѓански предмети ГЖ, 30 второстепени предмети по спорови од работни односи РОЖ, 109 второстепени предмети по трговски спорови ТСЖ, или вкупно заостаток од предходната година 418 со кои започнала извештајната година. Новопримени во работа во тековната година биле 610 второстепени граѓански предмети ГЖ, 447 второстепени предмети по спорови од работни односи РОЖ, 237 второстепени предмети по трговски спорови ТСЖ и 53 разни граѓански предмети Р или вкупно новопримени предмети во граѓанскиот оддел биле 1347 предмети со кои започнала извештајната година. Покрај тоа, повторно во работа биле 208 предмети.

Судот во извештајната година во граѓанскиот оддел во работа имал вкупно 1973 предмети од кои решил 1253 предмети а останале нерешени 720 предмети, односно граѓанскиот оддел успеал да заврши 63,5 % од вкупниот број на предмети во работа во овој оддел, а останале незавршени 36,5 % од вкупниот број на предмети кои биле во работа.

**Квалитетот во работата по оддели**

Состојбата со квалитетот на донесените одлуки е прикажана во соодност со вкупно решените предмети.

**Во кривичниот оддел** од вкупно решените 1037 предмети, потврдени се 25 предмети или 2,41 %, укинати се 2 предмети или 0,19 % , преиначени се 2 предмет или 0,19 % и отфрлени се 5 или 0,48%.

**Во граѓанскиот оддел** од вкупно решени 1.253 предмети, потврдени се 30 предмети или 2,39%, укинати се 10 предмети или 0,80%, преиначени се 4 предмети или 0,32% и отфрлени се 12 или 0,96%.

Овие проценти водат кон заклучок дека судот во извештајната година имал висок квалитет на завршени предмети.

**Состојба со стари предмети**

На крајот на извештајната 2022 година, состојбата со стари незавршени предмети според годината на прием во Апелациониот суд Штип е следната:

КЖ - незавршени останале 15 предмети и 2 предмети ПРКЖ.

ГЖ - незавршени останале 153 предмети, ТСЖ - незавршени останале 53 предмети и РОЖ - незавршени останале 5 предмети.

Предмети во постапка подолго од 2 години според годината на прием во основниот суд, во 2022 година во Апелација Штип биле вкупно 17 и тоа 1 предмет од 2017 година, 2 предмети од 2018 година, 4 предмети од 2019 година и 10 предмети од 2020 година.

**Човечки ресурси**

На почетокот на 2022 година Апелациониот суд Штип имал 54 вработени од кои 11 судии заедно со претседателот на судот, 35 судски службеници, 6 припадници на судската полиција и 2 хигиеничарки. Во текот на 2022 година примен е на работа еден судски службеник.

Со решенија на Судскиот Совет на РСМ од 18.04.2022 година, разрешени се судиите на Апелациониот суд Штип Зоранчо Мицевски и Сузана Здравева, поради што бројот на судиите се намалил на 9 судии вклучувајки го и претседателот на судот. На 01.07.2022 година, Претседателот на судот Корнелија Давчева заминала во пензија, со што бројот на судиите се намалил на вкупно 8 судии. На двајца судски службеници им престанал работниот однос од различни причини, но во текот на месец декември по распишан јавен оглас примени се двајца судски соработници, така што на крајот на годината бројот на судските службеници бил 36 а на вкупно вработените на 52.

Покрај наведените состојби, влијаело и тоа што еден од судиите кој работи на граѓанска материја на 13.07.2016 година бил избран за Претседател на ОС Виница, а од јули 2020 година, истиот судија ја вршел функцијата ВД Претседател на истиот суд. Бидејќи во декември 2022 година, Судскиот совет избрал Претседател на ОС Виница, од февруари 2023 година, се очекува овој судија да се врати со работно место во АС Штип. Сепак, иако со систематизацијата на работни места за АС Штип се предвидени 16 судии, судот работи со 7 судии помалку веќе подолго време. Сите напред наведени фактори влијаеле извештајната година да заврши со заостаток во предмети поголем од предходната година.

**Просторни капацитети**

Просторните капацитети на зградата на Апелациониот суд во Штип во начело ги задоволуваат потребите за условите за извршување на работните задачи освен што постои недостаток на простории за посободветно сместување на судските советници и соработници како и на записничарите. Проценка е дека оваа состојба може да се надмине само доколку Вишото јавно обвинителство кое е сместено во судската зграда биде преместено во друга зграда. Просториите во кои се сместени судиите и судските службеници се опремени со потребниот мебел и информатичка опрема, секој судија има свој компјутер и пристап до АКМИС и интернет. Судот располага со три судници од кои едната е со систем на тонско снимање и тие целосно ги задоволуваат потребите на судот. По однос на употребата и примената на информатичкиот систем истиот во целост е функционален.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Апелациониот суд во Штип во 2022 година со зголемениот обем на работа и значајно намалениот број на судии се оценува како **неажурен суд**. Од дадените прикази на состојбата со предмети се констатира дека приливот на нерешени предмети во 2022 година не е совладан, бидејќи заостатокот на нерешени предмети е зголемен за 355 предмети (во 2021 година останале нерешени 452 предмет, а во 2022 година останале нерешени 808 предмети) и покрај тоа што бројот на нови предмети е намален во 2022 година за 175 предмети. Имено во 2021 година имало 2823 новопримени предмети, а во 2022 година се примени 2648 нови предмети. Уште од јули 2021 година судот работи со

двајца судии помалку по граѓански предмети, поради што во судот останале само тројца судии од граѓанска материја кои го покриваат целото подрачје на Апелационен суд Штип, па од тие причини судот има заостаток од 808 нерешени предмети, од кои 720 предмети се граѓански предмети а 88 се кривични предмети.

Апелациониот суд во Штип веќе работи со седум судии помалку, а во 2023 година во старосна пензија ќе заминат тројца судии на 64 годишна возраст, а две судии - жени најавиле заминување во старосна пензија со 62 години старост, што значи дека судот ќе остане со 4 судии до крајот на 2023 година.

И покрај намалената кадровска екипираност, квалитетот на донесените одлуки и во двата оддели е на високо ниво.

Предлог мерки:

Сепак за поголема ажурност на судот неопходно е во судот да бидат избрани најмалку 8 нови судии.

Покрај тоа, Судот има потреба од повеќе стручни соработници, иако со систематизацијата се предвидени 8 стручни соработници, пополнети се само три места.

Апелациониот суд Штип има потреба од нови сервери и постојано осовременување на информатичката опрема.

## ***ОСНОВЕН СУД БЕРОВО***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Берово од претходната 2021 година останале нерешени вкупно 858 предмет, а новопримени во текот на 2022 година биле 3252 предмети, предмети повторно во работа 19, погрешно заведени предмети 1, така што вкупниот број на предмети во работа во 2022 година бил 4128. Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2022 година биле решени 3458, а останале нерешени 670 предмети. На овој начин во текот на извештајната година вкупно биле решени 83,76% на ниво на суд, што значи дека Основниот суд Берово е ажурен суд.

**СУДСКА УПРАВА**

Во работењето на судската управа, нерешени предмети на почетокот на годината 1 предмет, новопримени во текот на 2022 година биле 475 предмети, погрешно заведени нема. Од вкупниот број предмети во работа 476, решени биле сите предмети.

**Квалитет на предметите на ниво на суд**

Во текот на извештајната година од вкупниот број на решени 1277 предмети, потврдени биле 57 предмети, односно 4,46%, укинати биле 14 предмети, односно 1,09% и преиначени биле 3 предмети, односно 0,23%.

**Работа по Оддели и квалитет во работата**

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Берово од претходната 2021 година нерешени останале 375 предмети, новопримени предмети од овој вид во текот на 2022 година биле 1854 и 6 предмети повторно во работа, а погрешно заведени 1 предмет. Вкупниот број на предмети во Кривичниот оддел во извештајната 2022 година бил 2235, од кои во текот на 2022 година биле решени 1850 предмети и останале нерешени 385 предмети. На овој начин во текот на извештајната година Кривичниот оддел на Основниот суд Берово не го совладал приливот на предмети.

- Квалитет на предмети на ниво на Кривичниот оддел.

Од вкупно 1025 решени предмети, од кои: биле потврдени во 9 предмети или 0,87%, укинати 5 предмети или 0,48%, а преиначени нема.

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Берово од претходната 2021 година останале нерешени 482 предмети, а новопримени предмети од овој вид во текот на 2022 година биле 922, повторно во работа биле 13 предмети. Вкупниот број на предмети во Граѓанскиот оддел во извештајната 2022 година бил 1417 предмети, од кои решени предмети биле1132 и останале нерешени 285 предмети. На овој начин во текот на извештајната година Граѓанскиот оддел на Основниот суд Берово го совладал приливот на предмети.

- Квалитет на предмети на ниво на Граѓанскиот оддел.

Од вкупно 252 решени предмети, одлуките биле потврдени во 48 предмети или 19,04%, укинати 9 предмети или 3,57%, а преиначени биле 3 предмети или 1,19%.

Во годишниот извештај за работа на Основниот суд Берово за 2022 година нема податоци за Прекршочниот оддел.

**Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Берово во претходната 2022 година ја започнал со 50 стари предмети. Новопримени се 33 предмети, или вкупно во работа биле 83 стари предмети. Од старите предмети решени се 53 предмети. На овој начин во текот на извештајната година во Основниот суд Берово се решени 63,85% од старите предмети.

**Констатации за човечки ресурси**

Во извештајната 2022 година во Основниот суд Берово биле вработени 22 лица и 1 судија кој воедно и ВД Претседател на Судот.

За извршување на работните задачи во Судот постојат реални потреби за вработување на 1 информатичар, 1 дактилограф, 1 стручен соработник, 1 самостоен судски референт и 1 хигиеничар.

**Просторни капацитети**

Просторните капацитети на Основниот суд Берово се соодветни за извршување на работните задачи. Основен суд Берово е сместен во зграда од тврда градба со бетон и железо. Судот има два влеза, од кои едниот го користи Јавното обвинителство Берово.

Во текот на извештајната година била извршена набавка на камери за видео надзор и телефонска централа.

Инсталацијата за парно греење во Судот е дотраена и е неопходно итно реновирање. Од аспект на безбедносната состојба на Судот потребно е да се постави детекторска врата на влезот на Судот.

**Информатичка технологија**

Во текот на извештајната 2022 година Основниот суд Берово е опремен со нови компјутери, печатари, скенер и нови сервери, така што е подобрена опременоста на Судот со информатичка опрема.

За потребите на Судот за потполно извршување на работните задачи потребно е да се набават уште 3 нови компјутери, како би се задоволиле во целост потребите од информатичка опрема.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во Основниот суд Берово во текот на 2022 година вкупно биле решени 83,76% на ниво на суд, што значи дека Основниот суд Берово се оценува како **ажурен суд**.

Предлог мерки:

- Во Кривичниот оддел на Основниот суд Берово да се вложат зголемени напори да се совлада приливот на предмети;
- На ниво на суд решени се 63,85% од старите предмети, при што неопходно е зголемена ангажираност на ниво на суд за потполно решавање на старите нерешени предмети;
- Неопходност од унифицираност и темелност на годишниот извештај за работа на судот со потполност на податоци за предметите во Прекршочниот оддел за 2022 година и
- За зголемена ефикасност на Судот потребно е да се реализираат нови вработувања и набавување на информатичка опрема.

## ***ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 703 предмети, а примил нови 4.148 предмети. Повторно во работа се земени 35 предмети. Оттука, во работа биле вкупно 4.886 предмети, од кои решени се 4.335 предмети, а нерешени останале 551 предмети. Приливот на предмети е совладан и заостатокот е намален за 152 предмети, односно за 21,62 % во однос на заостатокот од 2021 година.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 731 предмети и сите се решени.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

Состојбата со предметното работење е следната:

***Кривичен оддел***

Од претходна година имало заостаток од 572 предмети. Примени со нови 2.156 предмети, а 31 предмет се земени повторно во работа. Вкупно во работа имало 2.759 предмети, од кои решени се 2.332 предмети, додека нерешени останале 427 предмети. Заостатокот на предмети е намален за 145 предмети или за 25,35% во споредба со 2021 година.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 913 предмети (според податок од табела бр.5 кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела бр.4) обжалени се 78 предмети. Притоа, 38 предмети или 4,2 % се потврдени, 29 предмети или 3,2 % се укинати и 11 предмети или 1,2 % се преиначени. Процентите се добиени во сооднос со бројот на решените 913 предмети.

***Граѓански оддел***

Од претходна година имало заостаток од 131 предмети. Примени се нови 1.261 предмети, па со 4 предмети земени повторно во работа, вкупно во работа имало 1.396 предмети. Решени се 1.272 предмет, додека нерешени останале 124 предмети. Заостатокот на предмети е намален за 7 предмети или за 5,34 %.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 217 предмети (според податок од табела бр.5 кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела бр.4) обжалени се 45 предмети. Од обжалените предмети 38 предмети или 17,5 % се потврдени, 4 предмети или 1,8 % се укинати и 3 предмети или 1,4 %, се преиначени. Процентите се добиени во сооднос со бројот на решените 217 предмети.

Напомена: Во извештајот кој Основниот суд Виница го достави до Врховниот суд на Република Северна Македонија не се дадени податоци по одделни видови предмети туку само групно за сите предмети од одделот.

**Состојба со стари предмети**

Основниот суд Виница на почетокот на 2022 година имал 12 стари предмети. На крајот на 2022 година останале 16 стари предмети, што значи дека бројката е зголемена за 4 предмети.

**Човечки ресурси**

Во текот на 2022 година Основниот суд Виница работел со двајца судии и претседател на судот.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Виница предвидени се 38 работни места од кои пополнети се 16. Оттука, судот работи со недоволен број на извршители-судски службеници.

**Просторни капацитети**

Основниот суд Виница е сместен во зграда која во целост не ги задоволува просторните потреби на судот.

Постојната опрема е тековно одржувана.

Во ИТ областа потребно е обновување на постоечкото мрежно поврзување, кое е од 2009 година.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Од аспект на предметното работење судот се оценува како **ажурен суд.**

Квалитетот во работата се одликува и со висок процент на необжалени одлуки и квалитетно работење во однос на вкупно решените предмети.

Предлог мерки:

Во наредниот период потребно е да преземат напори под однос на прашањето за избор на нови судии и пополнување на работните места во судската служба.

Во наредниот периодот треба да се подобрат просторните капацитети и капацитетите на информатичката опрема на судот.

Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## ***ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2022 година на ниво на суд во работа биле вкупно 6523 предмети, од кои решени се 5012 предмети, додека 1511 предмети се водат како нерешени. Приливот е совладан, односно решени се вкупно 76,48% од вкупниот број на предмети во 2022 година.

**СУДСКА УПРАВА**

Во работа 628 предмети, решени се 628 предмети, нема нерешени предмети.

*Квалитет на предмети на ниво на суд*

Решени 1204 предмети, од кои потврдени 46 односно 3,82 %, укинати 18 односно 1,49% и преиначени 12 односно 0,99%.

*Работа по оддели и квалитет во работа*

**- Кривичен оддел**

Во работа биле вкупно 3558 предмети, од кои решени се 2690, останале нерешени 868 предмети.

Квалитет на работа: Решени 951 предмети, од кои потврдени 19 односно 1,99%, укинати 11 односно 1,15%, преиначени 9 односно 0,94%.

**- Граѓански оддел**

Во работа биле вкупно 2288 предмети, од кои 1659 се решени, останале нерешени 629 предмети.

Квалитет на работа: Решени 253 предмети од кои потврдени 27 односно 10,67%, укинати 7 односно 2,76%, преиначени 3 односно 1,18%.

За Прекршочен оддел нема податоци во Годишниот извештај за работа на Основен суд Делчево за 2022 година.

**Состојба со стари предмети**

Во почетокот на 2022 годината останале нерешени 54 предмети, новопримени се 112 предмет, вкупно предмети во работа биле 166, од кои 109 предмети се решени, а останале нерешени 57 предмети.

**Човечки ресурси**

Во 2022 година во Основен суд Делчево вкупно биле вработени 32 лица, од кои 26 на неопределено време и 6 лица на определено време до 31.12.2022 година. Во текот на 2022 година, еден стручен соработник заминал во пензија, а еден заминал во Академијата за судии и јавни обвинители, така што судот останал без судски соработници. Две дактилографки дале отказ. Во судот има еден судија кој воедно е и претседател на судот. Во судот има: еден судски советник – информатичар, еден помлад соработник – сметководител, еден помлад стручен соработник, тројца самостојни референти, еден виш референт, двајца судски референти, седум помлади референти, седум судски полицајци, еден возач – хаусмајстор и една хигиеничарка. Времено биле

вработени двајца доставувачи за Општина Македонска каменица, еден хигиеничар, еден дактилограф и двајца судски соработници.

**Просторни капацитети**

Основниот суд Делчево работи во зграда од која три простории користи Јавното обвинителство Делчево, со посебен влез. Се истакнува потребата од итно реновирање на парното греење и замена на двата парни котли. Потребата за реновирање е нагласена и во извешајот за работа на Основниот суд Делчево за 2022 година. Исто така, потребно е да се постави детекторска врата на влезот на судот.

Во овој суд се применува АКМИС системот. Една судница е опремена за тонско снимање на рочиштата и истата се користи. Во однос на информатичката технологија, истата ја задоволува моменталната потреба. Програмските апликации во судот функционираат добро.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Врз основа на изнесените податоци во Основниот суд Делчево на почетокот на 2022 година, останале нерешени 1180 предмети, а вкупно во 2022 година биле во работа 6523 предмети, од кои решени се 5012 предмети, додека 1511 се водат како нерешени, па произлегува дека Основниот суд Делчево во тековната 2022 година се оценува како **неажурен суд**, бидејќи не успеал да го совлада приливот за 302 предмети и го зголемил остатокот за 331 предмет. За остварување на ефективност во постапувањето на ниво на суд неопходно е да се даде приоритет на решавање на старите нерешени предмети.

Предлог мерки:

Врз основа на изнесените податоци, произлегува дека за подобрување на состојбите во судот, потребни се зголемени напори за подобрување на квалитетот на работење на ниво на суд, а особено во кривичниот оддел;

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места,
- Да се согледа можноста за техничко доопремување, односно реновирање на судот како и подобрување на безбедносната состојба на судот, со поставување на детекторска врата на влезот на судот.

## *ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ*

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Од претходната 2021 година, во Основен суд Кочани останале незавршени 2.023 предмети. Во текот на 2022 година се оформени и примени во работа 12.353 нови предмети, 89 предмети се повторно во работа и 4 предмети се погрешно заведени. Во текот на 2022 година, вкупно во работа биле 14.461 предмети. Во текот на 2022 година, вкупно се решени 12.170 предмети. Во текот на 2022 година, вкупниот број на нерешени предмети е 2.291.

**СУДСКА УПРАВА**

На почетокот на 2022 година останале 3 нерешени предмети.
Во текот на 2022 година бројот на новопримени предмети е 2.093 предмети и еден погрешно заведен предмет. Вкупниот број на предмети во работа во 2022 година е 2.095 предмет. Вкупниот број на решени предмети во 2022 година е 2.092 предмет, нерешени 3.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Решени предмети биле 2.500, потврдени 303 предмети, или 12,1%, укинати 71 предмет или 2,8 % и преиначени 36 предмети или 1,4%.

**Кривичен Оддел**

Од претходната 2021 година, во кривичниот оддел останале незавршени 1.514 предмети. Бројот на новопримени предмети во 2022 година бил 7.047 предмети, предмети

повторно во работа имало 46 и 1 предмет бил погрешно заведен. Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2022 година бил 8.606 предмети. Вкупниот број на решени предмети во текот на 2022 година во кривичниот оддел е 7.003 предмети. Нерешени предмети до крајот на 2022 година, останале 1.603 предмети.

**Квалитетот на Кривичниот оддел**

Од обжалените и решени 1.674 предмети потврдени се 138 предмети или 8,2%, укинати се 34 предмети или 2 % и преиначени се 27 предмети или 1,6%.

**Граѓански оддел**

Од претходната 2021 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 506 предмети. Бројот на новопримени предмети во 2022 година е 3.213 предмети, 43 предмети се повторно во работа и 2 предмети се погрешно заведени. Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2022 година е 3.760 предмети. Вкупниот број на решени предмети во текот на 2022 година во граѓанскиот оддел е 3.075 предмети. Нерешени предмети до крајот на 2022 година останале 685 предмети.

**Квалитетот на граѓанскиот оддел**

Од обжалените и решени 826 предмети потврдени се 165 предмети или 20%, укинати се 37 предмети или 4,5% и преиначени се 10 предмети или 1,2%.

**Состојба со стари предмети**

Во текот на 2022 година во Основниот суд Кочани во работа имало вкупно 147 стари предмети по разни основи. Кривично полнолетни вкупно 38 предмети од кои 1 од 2013 година, 2 од 2015 година, 1 од 2016 година, 3 од 2017 година, 2 од 2018 година, 5 од 2019 година, 24 од 2020 година. Прекршочни предмети вкупно 47, од кои 1 од 2017 година, 18 од 2019 година и 28 од 2020 година. Платни налози по приговор 1 предмет од 2020 година. Кривичен совет вон главен претрес 2 предмети од 2020 година, Оставина вкупно 18 предмети од кои 2 од 2016 година, 2 од 2017 година, 4 од 2018 година, 3 од 2019 година и 7 од 2020 година. Извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал 2 предмети од 2020 година. Имотни спорови 1 од 2015 година. Спорови од мала вредност 1 од 2020 година. Трговски спорови вкупно 5 предмети од кои 1 од 2019 година и 3 од 2020 година. Облигациони спорови 3 од 2019 година. Вонпарнични предмети 1 од 2019 година. Извршување малолетнички затвор и воспитни мерки 1 од 2018 година. Извршување на прекршочна глоба вкупно 2 предмети од кои 1 од 2018 година и 1 од 2020 година. Извршување на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки вкупно 3 предмети од кои 1 од 2019 година и 2 од 2020 година. Повикани лица на издржување казна вкупно 22 предмети од кои 1 од 2016 година, 3 од 2017 година, 4 од 2018 година, 9 од 2019 година и 5 од 2020 година.

**Човечки ресурси**

Во Основниот суд Кочани заклучно со 31.12.2022 година имало вработено вкупно 34 судски службеници согласно Законот за судска служба, 3 вработени по Законот за работните односи и 8 судии, но во текот на 2022 година еден судија е именуван за ВД претседател во Основен суд Берово, еден судија делегиран во Основен суд Виница во месец декември 2022 година се вратил во Основен суд Кочани, а еден судија е избран за претседател на Основен суд Виница, односно во текот на годината судиската функција ја извршувале вкупно 6 судии.

Во текот на 2022 година биле испразнети 4 работни места, а во 2023 година предвидено е пензионирање на еден судија. Судот останува со 5 судии, а согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ за Основен суд Кочани е предвидено судиската функција да ја извршуваат 10 судии.

**Вообичаени проблеми**

Во овој суд и понатаму има технички проблем со системот за тонско снимање, поради што тонското снимање на граѓанските рочишта се врши во една судница која е технички опремена, но на странките им се доставуваат писмени записници наместо CD. Потребна е набавка на целосно нова опрема за аудио снимање во судниците.

**Просторни капацитети**

Потребно е изнаоѓање на решенија за обезбедување на дополнителен простор за судници, како и за сместување на судската служба. Просторните услови во судот не задоволуваат, бидејќи нема посебна просторија дактило биро, нема просторија за адвокати, а и просторот за архива станува недоволен за сместување на предметите. Проблем е што во истата зграда се сместени Основното јавно обвинителство и Државното правобранителство кои завземаат влијателен дел од просториите. Подот во судските канцеларии се со значителна оштетеност, па иако се побарани средства за негова замена, сепак такви средства не биле одобрени.

**Информатичка технологија**

ИКТ опремата во Основен суд Кочани ги задоволува тековните потреби.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Кочани поради недоволниот број на судии во 2022 година се оценува како **неажурен суд**, не успеа да го совлада приливот во некои области, а во некои области бил зголемен и заостатокот.

Предлог мерки:

Да се обезбедат повеќе просторни капацитети за судници, канцеларии за вработените и просторија за адвокати.

Да се настојува поконтинуирано пополнување на упразнетите работни места за судските службеници по разни основи, бидејќи бројот на овие работни места во текот на извештајната година е значителен.

Исто така потребно е да се пополнат и непополнетите судиски места заради непречено спроведување на Годишниот распоред за работа на судот.

## *ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ*

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Нерешени предмети на почетокот на извештајната година е 939 предмети.

Во текот на 2022 година, во Основен суд Радовиш се оформени и примени во работа 8815 нови предмети.

Во текот на 2022 година, во работа биле вкупно 9778 предмети.

Во текот на 2022 година, вкупно се решени 8452 предмети.

Во текот на 2022 година, вкупниот број на нерешени предмети е 1326.

Во текот на 2022 година, Основен суд Радовиш , не го совладал приливот, а заостатокот е зголемен за 380 предмети.

**Квалитетот во рабата на ниво на судот**

Од 8452 решени предмети, а од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, : Потврдени се 83 односно 4.78%, преиначени се 24, односно 1.38%, Укинат се 21 односно 121%.

**Сосотојба со стари предмети**

Во текот на извештајната година во судот вкупно во рабата имале 91 предмет со статус стари предмети, од кој 63 од претходната година што останале не решени,а 28 се примени во текот на 2022 година, а решени се 41 предмети останале нерешени 50 предмети.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

**Основниот суд Радовиш** во текот на 2022 година не го совладал приливот на предметите и е зголемен заостатокот на предметите и од тие причини се оценува како **неажурен суд.**

Предлог мерки: Избор на судии вработување на судски службеници.

## ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2022 година во Основниот суд Свети Николе, нерешени од претходната година останале 923 предмети, новопримени биле 5.218 предмети, повторно во работа биле 23 предмети, погрешно заведени 0 предмети, вкупно во работа биле 6.164 предмети, решени 5.307 предмети, а останале нерешени 857 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

На почетокот на извештајната 2022 година новопримени предмети 872, вкупно во работа биле 872 предмети од кои 872 биле решени, нема нерешен предмет.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА**

**Кривичен оддел**

На почетокот на 2022 година нерешени 726 предмети, новопримени се 2.648 предмети, повторно во работа биле 14 предмети, погрешно заведени 0 предмети, вкупно во работа 3.388 предмети, решени биле 2.745 предмети, а останале нерешени 643 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: од вкупно решените 2.745 предмети, потврдени биле 42 предмети или 1,53%, укинати биле 12 предмети или 0,43% и преиначени 1 предмети или 0,03%.

**Граѓански оддел**

На почетокот на 2022 година, нерешени предмети 89, новопримени се 292 предмети, повторно во работа биле 9 предмети, погрешно заведен 0 предмет, вкупно во работа 390 предмети, решени биле 274 предмети, а останале нерешени 116 предмети.

Квалитетот на работа во овој оддел е следен: од вкупно решени 274 предмети потврдени биле 41 предмети или 14,96%, укинати биле 3 предмети или 1,09% и преиначени се 1 предмети или 0,36%.

Квалитетот на работењето на ниво на суд е следен: од вкупно решените 5.307 предмети, потврдени биле 83 или 1,56%, укинати биле 15 предмети или 0,28 % и преиначени 2 предмети или 0,03 %.

**Состојба со стари предмети**

На крајот на извештајната година, од предметите кои ги решавале судиите, останале нерешени 2 стари предмети од извршување на санкции кои еден првпат бил заведени 2019 година и еден првпат заведен во 2020 година, 2 стари нерешени предмети од кривично-полнолетни од кои еден првпат бил заведен во 2020 година и еден прв пат заведен во 2022 година.

**Човечки ресурси**

Во Основниот суд Свети Николе за обавување на судиската функција предвидени се 4 судии. Во текот на 2022 година судиската функција ја извршувале 3 судии избрани во судот, но во јануари 2023 година испразнете е уште едно судиско место. Не потполнети се две места за судија.

Според Правилникот за организација и систематизација на работните места во овој суд, се систематизирани 19 работни места, а предвидени се 41 извршители за поодделните работни места.

Овој суд во текот на 2022 година работел со 15 судски службеници од кои 3 стручни судски службеници, 6 помошно-стручни судски службеници, 4 судски полицајци и 2 по Законот за работни односи.

Има потреба од приоритетно вработување од 2 извршители – судска полиција кои се предвидени со систематизација, а воедно согласно систематизацијата има непополнети повеќе работни места, кои се детално наведени во Извештајот за работа на овој суд за 2022 година.

**Просторни капацитети**

Зградата на Основниот суд Свети Николе е изградена во 1976 година. Судиите се сместени во посебни канцеларии, а има работни канцеларии и за останатите вработени во судот.

Просторните капацитети во судот задоволуваат, потребно е да се променат прозорците, бидејќи се изработени од дрво и со текот на времето претрпеле деформации и оштетувања поради што има голема топлинска загуба.

**Информатички технологии**

Во судот се користи информатичката технологија и во 2022 година бил набавен нов сервер, кој долго бил баран, а добиле и 4 квалитетни компјутери, 3 локални принтери и 1 добар скенер. Во судот има уште стари компјутери и не можат да работат на помоќен оперативен систем. Се предлага секоја година да се прави мал инфлукс на нови компјутери и принтери како што било случај со централизираната набавка од 2022 година.

**Планирани и релизирани вработувања**

Од месец септември до крајот на годината имало вработено 5 судски службеници на определено време, но со моменталната состојба на вработени на неопределено време состојбата е алармантна, кое значајно ќе влијае на функционирањето на судот, за што е неопходно во наредниот период да бидат одобрувани вработувања и пополнување на испразнетите места.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Свети Николе успеал да го совлада приливот и да го намали заостатокот на предмети од претходната година и се оценува како **ажурен суд.**

Предлог мерки:

Потребно е да се пополнат судиските места и административно-стручниот кадар.

## ***ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 3.186 предмети, а примил нови 19.691 предмети. Повторно во работа се земени 125 предмети, а погрешно се заведени 3 предмети. Оттука, во работа биле вкупно 22.999 предмети, од кои решени се 20.044 предмети, а нерешени останале 2.955 предмети. Приливот на предмети е совладан и заостатокот е намален за 231 предмети, односно за 7,25 % во однос на заостатокот од 2021 година.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 3.429 предмети, решени се 3.408 предмети, а постапката е незавршена по 21 предмети.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

Состојбата со предметното работење е следната:

**Кривичен оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1.693 предмети. Примени со нови 9.871 предмети, 61 предмет се земени повторно во работа, а 2 предмети се погрешно заведени. Вкупно во работа имало 11.623 предмети, од кои решени се 9.908 предмети, додека нерешени останале 1.715 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 22 предмети или за 1.3 % во споредба со 2021 година.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 3.187 предмети (според податок од табела бр.5 кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела бр.4) обжалени се 250 предмети. Притоа, 170 предмети или 5,33 % се потврдени, 44 предмети или 1,38 % се укинати и 36 предмети или 1,13 % се преиначени. Процентите се добиени во соодност со бројот на решените 3.187 предмети.

**Граѓански оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1.493 предмети. Примени се нови 9.820 предмети, со 64 предмети земени повторно во работа, како и 1 предмет погрешно заведен, вкупно во работа имало 11.376 предмети. Решени се 10.136 предмет, додека нерешени останале 1.240 предмети. Заостатокот на предмети е намален за 253 предмети или за 16,94 %.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 1.570 предмети (според податок од табела бр.5 кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела бр.4) обжалени се 275 предмети. Од обжалените предмети 213 предмети или 13,57 % се потврдени, 51 предмети или 3,25 % се укинати и 11 предмети или 0,7 %, се преиначени. Процентите се добиени во соодност со бројот на решените 1.570 предмети.

Напомена: Во извештајот кој Основниот суд Струмица го достави до Врховниот суд на Република Северна Македонија не се дадени податоци по одделни видови предмети туку само групно за сите предмети од одделот.

**Состојба со стари предмети**

Основниот суд Струмица на почетокот на 2022 година имал 22 стари предмети. На крајот на 2022 година останале 53 стари предмети, што значи дека бројката е зголемена за 31 предмет.

**Човечки ресурси**

Според систематизацијата во Основен суд Струмица треба да работат 15 судии, но во текот извештајната 2022 година судската функција ја извршуваа 9 судии заедно со Претседателот на судот, од кои еден врз основа на медицинска документација работи со скратено работно време. Во првата половина на 2023 година во пензија заминува уште еден судија.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струмица предвидени се 117 работно место од кои пополнети се 58.

**Просторни капацитети**

Во Основниот суд Струмица во 2022 година е набавена нова ИТ опрема, а опремена е и судница со аудио и видео опрема за снимање кривични рочишта.

Постојната опрема е тековно одржувана.

Судот се уште се соочува со недостаток на столици во судниците и канцелариите, особено што од претходната набавка амортизирани се околу 200 столови, па има приоритетна потреба за набавка на нови столови.

Воедно, според наведеното метал детектор вратата во Судот е во лоша состојба и е потребно итно заменување со нова, а Претседателот смета и дека е потребно да се набави скенер апарат.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Од аспект на предметното работење судот Основниот суд Струмица го совладал приливот и се оценува како **ажурен суд**.

Квалитетот во работата се одликува и со висок процент на необжалени одлуки и квалитетно работење во однос на вкупно решените предмети.

Предлог мерки:

Во наредниот период потребно е да преземат напори под однос на прашањето за избор на нови судии и пополнување на работните места во судската служба.

Просторните услови и состојбата со информатичка опрема задоволува.

Во наредниот периодот треба да се подобрат капацитетите на информатичката опрема на судот, да се подобри кадровската екипираност, да се набави неопходниот мебел, како и да се замени дотраената метал детектор врата.

Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## ***ОСНОВЕН СУД ШТИП***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ**

На крајот од 2021 година останале нерешени вкупно 3233 предмети, во текот на 2022 година биле примени вкупно 23360 предмети, 1 погрешно заведен и 168 предмети земени повторно во работа или вкупно во работа имале 26760 предмети, решени биле 22941 предмет, а останале нерешени 3819 предмети.

Според податоците Основниот суд Штип во извештајната 2022 година не го совладал приливот. Од вкупниот број на предмети во работа решил 85,72% од предметите.

**СУДСКА УПРАВА**

Во работењето на судската управа, нерешени предмети на почетокот на годината намало, новопримени во текот на 2022 година биле 1221 предмет, погрешно заведени нема. Од вкупниот број предмети во работа, решени биле 1220, останал нерешен 1 предмет.

**Квалитет на предметите на ниво на суд**

Од вкупниот број на решени 6578 предмети, потврдени се 396 предмети, односно 6,02%, укинати се 114 предмети, односно 1,73% и преиначени 56 предмети, односно 0,85%.

**Работа по Оддели и квалитет во работата**

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Штип од претходната извештајна година останале нерешени 1581 предмети, новопримени биле 6606 предмети, 75 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведен 1 предмет. Во текот на 2022 година во овој оддел во работа биле вкупно 8261 предмет, од кои решени биле 6282 предмети и останале нерешени 1979 предмети. Според податоците Граѓанскиот оддел во 2022 година не го совладал приливот на предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Граѓанскиот оддел во извештајната 2022 година е следниот: од вкупниот број на решени 2130 предмети, потврдени биле 273 предмети, односно 12,82%, укинати 65 предмети, односно 3,05% и преиначени 12 предмети, односно 0,56%.

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Штип од претходната извештајна година останале нерешени 1652 предмети, новопримени биле 15533 предмети, 93 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2022 година во овој оддел во работа биле вкупно 17278 предмети, од кои решени биле 15439 предмети, а останале нерешени 1839 предмети. Според податоците Кривичниот оддел во 2022 година не го совладал приливот на предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Кривичниот оддел во извештајната 2022 година е следниот: од вкупниот број на решени 4448 предмети, потврдени биле 123 предмети, односно 2,77%, укинати 49 предмети, односно 1,10% и преиначени 44 предмети, односно 0,99%.

Во годишниот извештај за работа на Основниот суд Штип за 2022 година нема податоци за предмети во Прекршочниот оддел.

**Состојба со стари предмети**

На почетокот од 2022 година судот во работа имал 175 стари предмети , во текот на годината новопримени се 178 предмети, во работа биле вкупно 353 стари предмет, од кои решени се 225 предмети, на крајот од годината останале 128 нерешени стари предмети.

**Просторни капацитети**

Опременоста на Судот и на судската зграда е на задоволително ниво. Неопходна е набавка на две нови врати со систем за евидентирање.

Во Судот постојат три судници, а поради малиот број на судници судиите претежно судат во своите канцеларии. Постоечките три судници не се доволни за потребите на Основниот суд Штип. Во текот на 2022 година започната е постапка за адаптација и опремување на нова четврта судница, која се очекува да заврши во 2023

година.

Заради конфигурацијата на судската зграда невозможно е во постоечките судници да се изврши одделување на оштетените – жртви за да се запази тајноста на идентитетот на жртвата и да се почитува нејзиното право на приватност.

За одделението во Пробиштип обезбеден е и опремен простор за негово нормално функционирање. Меѓутоа, постојат оштетувања на ѕидовите во просториите и е неопходно санирање на истите, односно бојадисување и опремување со соодветни тела за греење и ладење. Ова е потребно за ефикасност во постапувањето, како во функција на граѓаните, така и на Општина Пробиштип.

Во Основниот суд Штип има четири возила, од кои едно „Опел Астра“ набавено во 2019 година, а останатите три возила не се во функција и не се регистрирани.

Во Основен суд Штип недостасува возач. Грижата за возилата ја остваруваат вработените – судски полицајци, со нивна согласност кои и ги управуваат возилата по потреба.

Во Основен суд Штип неопходна е реконструкција на електрична и водоводна инсталација, со оглед дека истата е со постар датум, а е со зголемен капацитет на работа.

**Информатичката технологија**

Во 2022 година инсталирале нов сервер, но за потребите на серверот потребно е опремување и реновирање на сервер салата според бараните норми. Потребно е да се извршат неопходни градежни работи, монтирање на антистатички под, сензори за влага, ограничување на пристапот во просторијата со серверите и замена на клима уредите во сервер салата.

За потребите на тонските судници потребно е набавка на нова компјутерска опрема и софтвер за тонско снимање. Компјутерите и софтверот за тонско снимање се за Windows XP кој веќе нема никаква поддршка од оперативен софтверски и хардверски аспект, поради што не се контактибилни со новите сервери.

Неопходно е потребно да се набават 15 компјутери, вклучувајќи го и Одделението во Пробиштип, или да се набават SSD дискови за надградба на постоечките компјутери.

Мониторите во судниците се расипани и не се во функција, поради што е неопходно потребно да се набават 12 монитори, разделници за приказ на слика на сите монитори во исто време и сплитер.

Печатарите кои се користат во судот се веќе амортизирани, поради што е потребно набавка на нови печатари.

Потребно е да се набават 3 мрежни принтери со опција за двострано печатење.

Исто така, неопходно е потребно да се набави уште еден фотокопир кој може да се користи и како мрежен принтер и скенер.

Потребни се 4 UPS со јачина min. 1500 VA.

Потребна е обука за корисниците на АКМИС-от како и подобро документирање на промените.

**Човечки ресурси**

Во Основниот суд Штип во 2022 година има 13 судии, од кои 6 судии биле распоредени во кривичен оддел, 7 судии во граѓански оддел. Во текот на годината тројца судии заминале во пензија, така што судот работел со намален број на судии.

Во изештајната 2022 година во Судот имало вкупно 62 вработени од судската служба, меѓутоа, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места биле предвидени 120 работни места. Во Основниот суд Штип постои недоволна екипираност на судските службеници поради пензионирање, откази и непополнување на упразнетите работни места.

Во текот на 2022 година е реализирана само едно вработување – дактилограф, а 1 лице е ангажирано со договор на дело.

Во Основниот суд Штип потребно е вработување на хаусмајстор, кое место

никогаш не било пополнето, а досега судот го користел хаусмајсторот на Апелациониот суд Штип.

Во Основен суд Штип потребно е вработување на возач и на командир на судска полиција.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2022 година Основниот суд Штип не го совладал приливот и решил 85,72% од вкупниот број на предмети во работа, што значи дека се оценува како **неажурен суд**.

Предлог мерки:

- Да се преземат мерки за подобрување на ефикасноста во кривичниот и граѓанскиот оддел за да се совлада приливот на предмети;
- Да се вложат напори за решавање на старите нерешени предмети;
- Да се овозможат нови вработувања за кадровско доекипирање на судот согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- Подобрување на просторните капацитети во судот;
- Преземање на мерки за подобрување и надградба на информатичката технологија на ниво на суд и
- Унифицираност и темелност на Годишниот извештај за работа на Основниот суд Штип со податоци во прекршочниот оддел.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**